D.5.12.75
2693 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 19 ноември 1975
Скопје
Број 41 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 5 дин. Жиро сметка 40100-601-128

**437.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Се прогласува Законот за судовите на здружениот труд,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 10 ноември 1975 година.

Број 06-2986
10 ноември 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Претседателството
на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

### ЗАКОН
### ЗА СУДОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

#### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Судовите на здружениот труд се самостојни општествени органи кои, како самоуправни судови, во единствениот систем на власта и на самоуправувањето на работничката класа и на сите работни луѓе вршат судска функција во границите на својата надлежност утврдена со уставот и со закон.

Член 2

Судовите на здружениот труд се независни во вршењето на судската функција.

Судовите на здружениот труд одлучуваат врз основа на уставот, законите и самоуправните општи акти.

Член 3

Судовите на здружениот труд ги следат и проучуваат општествените односи и појави од интерес за остварувањето на своите функции и на Собранието на Социјалистичка Република Македонија односно на собранијата на општините и на другите државни органи, на организациите на здружениот труд и на другите самоуправни организации и заедници им даваат предлози за унапредување на самоуправните права на работните луѓе, за заштита на правото на работа со општествени средства и другите самоуправни права и на општествената сопственост.

Судовите на здружениот труд ги известуваат органите и организациите од претходниот став, по нивно барање или по сопствена иницијатива, за општествените односи и појави што ги следеле и проучувале, за потребата за донесување или изменување на прописи или за потребата од преземање на други мерки заради спречување на општествено опасните и штетни појави.

Член 4

Ако судот на здружениот труд смета дека пропис или општ акт, кој би требало да се примени, не е во согласност со уставот или со закон, должен е пред надлежниот уставен суд да поведе постапка за оценување на уставноста односно на законитоста на тој пропис или општ акт.

Кога судот повел постапка за оценување на уставноста на закон, ќе ја запре постапката до окончување на постапката пред уставниот суд.

Член 5

Судови на здружениот труд во Социјалистичка Република Македонија се: основните судови на здружениот труд и Судот на здружениот труд на Македонија.

Основните судови на здружениот труд се судови од прв степен.

Судот на здружениот труд на Македонија е второстепен суд и највисок суд на здружениот труд во Републиката.

Член 6

Во согласност со закон, за решавање на спорови за самоуправните права и обврски во одделни области на општествено-економските односи, можат да се основаат посебни судови на здружениот труд од прв степен.

Член 7

Судовите на здружениот труд соработуваат меѓу себе и заеднички разгледуваат прашања што се од значење за изедначување на судската практика во поглед на заштитата на самоуправните права и на општествената сопственост.

Член 8

Судовите и другите државни органи се должни да му даваат правна помош на судот на здружениот труд.

Организациите на здружениот труд, други самоуправни организации и самоуправните интересни заедници се должни на судот на здружениот труд да му дадат податоци и известувања потребни за водење на постапката.

Судовите на здружениот труд се должни на други самоуправни судови, на редовни судови и на други државни органи да им даваат правна помош со доставување на списи или исправи што се наоѓаат кај нив.

Член 9

Судот на здружениот труд на Македонија може да бара од основните судови на здружениот труд податоци во врска со примената на законите и самоуправните општи акти, за проблемите што

се јавуваат во судењето, како и други податоци што му се потребни за проучување на одделни прашања што се јавуваат во работата на судовите на здружениот труд.

Судот на здружениот труд на Македонија води евиденција за заземените правни становишта и судската практика.

Член 10

Во судењето во судовите на здружениот труд учествуваат судии кои функцијата ја вршат како постојана должност (постојани судии) и работни луѓе како судии кои функцијата не ја вршат како постојана должност (повремени судии).

Одредбите на овој закон за постојаните судии се однесуваат и на претседателот на судот на здружениот труд.

Член 11

За штетата, што судијата во вршење на судската функција, со својата незаконита или неправилна работа ќе им ја стори на работни луѓе или на правни лица, одговара Социјалистичка Република Македонија.

Социјалистичка Република Македонија, ако врз основа на правосилна пресуда ја надоместила штетата сторена од судија, може од него да бара надоместок на исплатениот износ само ако тој штетата ја сторил намерно или од крајно невнимание.

Член 12

Судот на здружениот труд има, за вршење на стручни, административни и технички работи, определен број на стручни, административни и технички работници.

Бројот на работните места и на работниците се определува со општ самоуправен акт на судот.

Член 13

На правата, обврските и одговорностите на работниците во работните заедници во судовите на здружениот труд, се однесуваат одредбите на законот со кој се уредуваат правата, обврските и одговорностите на работниците во работните заедници во органите на општините и на Републиката, ако со овој или друг закон не е поинаку определено.

Член 14

Споровите за надлежност меѓу судовите на здружениот труд ги решава Судот на здружениот труд на Македонија.

Член 15

Секој суд на здружениот труд има свој службен назив кој се истакнува на зградата во која е сместен судот.

Печатот на судот го содржи неговиот назив, како и називот и грбот на Социјалистичка Република Македонија.

Член 16

Средства за работа на судовите на здружениот труд се обезбедуваат во републичкиот буџет.

Член 17

Во постапката пред судот на здружениот труд не се плаќаат такси.

II. НАДЛЕЖНОСТ

Член 18

Основните судови на здружениот труд одлучуваат по споровите за постоењето на услови за организирање на основни организации на здружениот труд и на работни заедници, за барањата за заштита на правото на работа со општествени средства и на други самоуправни права и на општествената сопственост и решаваат спорови за организирање и издвојување на основни организации на здружениот труд, за спојување, припојување и поделба на организации на здружениот труд, за склучување и спроведување на самоуправни спогодби за здружување и за меѓусебни односи во здружениот труд, за склучување и спроведување на самоуправни спогодби за основање на самоуправни интересни заедници, за склучување и спроведување на самоуправни спогодби за основање на здруженија на самоуправни интересни заедници и за самоуправните односи во самоуправната интересна заедница и во здружението на самоуправните интересни заедници, како и за други со закон одредени спорови од општествено-економските и други самоуправни односи.

Како спорови од општествено-економски и други самоуправни односи се сметаат во смисла на овој закон особено споровите:

1) за правото на работниците да организираат посебна самоуправна единица во работна организација во основање;

2) за склучување на договор со кој се уредуваат самоуправните односи меѓу работната организација во основање и посебната самоуправна единица во таа организација;

3) за правото и должноста на работниците да организираат основна организација на здружен труд;

4) за правото на работниците од работна организација да издвојат основна организација;

5) за повреда на правата и интересите на другите делови од работната организација или на работната организација како целина во случај на организирање на основни организации на здружениот труд или на издвојување на основна организација на здружен труд од работната организација;

6) за склучување на самоуправна спогодба за здружување во работна организација;

7) за донесување на статут односно на друг соодветен акт во организација на здружениот труд, во самоуправна интересна заедница или во друга самоуправна организација, за односите уредени со тие акти, како и за повреда на правата и должностите на органите во организацијата на здружениот труд, во самоуправната интересна заедница или во друга самоуправна организација, утврдени со пропис или со самоуправен акт;

8) за самоуправните права и должности од самоуправните спогодби за здружување во работна организација, во заедница на основни организации на здружениот труд или во сложена организација на здружениот труд, како и за правото и должноста на работниците во основните и други организации на здружениот труд да формираат посебен орган на самоуправна работничка контрола и непосредно да ја остваруваат самоуправната работничка контрола;

9) за распоредот на средствата, правата и обврските во случај на конституирање на работната организација, на организирање на нови основни организации на здружениот труд и на поделба, спојување или припојување на работната организација;

10) за правото на учество во заеднички остварениот доход со здружување на трудот и на средствата на повеќе организации на здружениот труд;

11) за распределба на доходот и за другите самоуправни права и должности од самоуправната спогодба за заедничка работа со општествени средства на повеќе основни организации на здружениот труд;

12) за правата на работниците на основните организации на здружениот труд кои во своето работење се користат со средствата на други организации на здружениот труд, во поглед на уделот во остварениот доход за обезбедување на сво-

јата лична и заедничка потрошувачка и за проширување на материјалната основа на својот труд;

13) за самоуправните права и должности на организациите на здружениот труд од областа на прометот со стоки и услуги и на производствените и други организации на здружениот труд од односите на нивното самоуправно, односно задолжително здружување на трудот и средствата, во поглед на остварувањето на меѓусебното влијание врз деловната и развојната политика и остварувањето на други заеднички интереси и одговорности, како и во поглед на распределбата на заеднички остварениот доход;

14) за самоуправните права и должности на организациите на здружениот труд што се занимаваат со работите на прометот на стоки и услуги за непосредна потрошувачка и на самоуправните интересни заедници и организации на потрошувачи, од односите утврдени со нивната самоуправна спогодба за вршење на работи од заеднички интерес;

15) за самоуправните права и должности на општествените правни лица во поглед на управувањето со банка, со нејзиното работење, како и во поглед на нивното учество во распределбата на доходот остварен со работењето на банката;

16) за самоуправните права и должности на општествените правни лица, како и на граѓаните и на граѓанските правни лица, во поглед на учеството во управувањето со работењето на финансиските организации што се занимаваат со собирање на штедни влогови;

17) за самоуправните права и должности на општествените правни лица, на граѓаните и на граѓанските правни лица во поглед на учеството во управувањето со заедница на осигурување односно со заедница на ризици;

18) за самоуправните права и должности од односите на размената на трудот меѓу работниците во организациите на здружениот труд што вршат дејности на општествените служби (во областа на воспитувањето, образованието, науката, културата, здравството, социјалната заштита и др.) и работните луѓе, односно нивните организации на здружениот труд и самоуправните интересни заедници, чии потреби и интереси ги задоволуваат;

19) за самоуправните права и должности на организациите на здружениот труд здружени во заедница или во друга форма на здружување на организации на здружениот труд;

20) за самоуправните права и должности на организациите на здружениот труд што вршат дејности или работи од посебен општествен интерес и на претставниците на општествената заедница во тие организации, во поглед на управувањето со дејностите или со работите од посебен општествен интерес;

21) за самоуправните права и должности на работните луѓе, на организациите и на другите корисници во самоуправните интересни заедници, односно во нивните основни заедници и единици, во кои, како нивни членови, ги задоволуваат своите потреби и интереси, како и за самоуправните права и должности на членовите на здруженија на самоуправните интересни заедници;

22) за самоуправните права на земјоделците, како и на другите работни луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд со средства во сопственост на граѓаните, на учеството во управувањето и одлучувањето за заедничките работи и за остварениот доход и неговата распределба, од односите на здружувањето на трудот и средствата или од другите форми на соработка со организациите на здружениот труд;

23) за самоуправното право на организирање на основна организација на здружениот труд и за другите самоуправни права на работниците на работните заедници во заедниците на основните организации на здружениот труд и во другите организации на здружениот труд, во деловните заедници и во организациите на деловното здружување, во банките, во заедниците на осигурувањето, во самоуправните интересни заедници, задругите, општествено-политичките организации и во другите општествени организации и здруженија;

24) за самоуправните права и должности на работниците во договорните организации на здружениот труд;

25) за самоуправните права и должности на работните луѓе во работните заедници во кои тие го здружуваат трудот и средствата заради вршење на уметничка, културна, адвокатска или друга професионална дејност;

26) за согласноста на самоуправен општ акт со друг самоуправен општ акт со кој мора да биде во согласност;

27) за полноважноста на поединечен акт на основачот или на советот на работна организација во основање кој се однесува на самоуправните права на посебна самоуправна единица;

28) за полноважноста на самоуправните поединечни акти кои се однесуваат на организирањето на организација на здружениот труд, на издвојувањето на основна организација на здружениот труд од работна организација, на поделбата, спојувањето и припојувањето на организациите на здружениот труд, на престанокот на работата на организација на здружениот труд, и на самоуправните права и должности на организација на здружениот труд во рамките на поширока организација на здружениот труд;

29) за правата и обврските од самоуправната спогодба на организациите на здружениот труд, на самоуправните интересни заедници, на другите самоуправни организации или заедници во поглед на усогласувањето на плановите и програмите за работа и развој, или во поглед на остварувањето на другите утврдени заеднички интереси и цели;

30) за одлука на општествено правно лице донесена спротивно на принудниот пропис за располагање со средствата во општествена сопственост;

31) за одлука на задруга донесена спротивно на принудниот пропис за располагање со дел од доходот кој како општествена сопственост се внесува во фондовите на задругата или за располагање со другите општествени средства на задругата;

32) за одлука на договорна организација на здружениот труд донесена спротивно на принудниот пропис за располагање со општествените средства;

33) за повреда на самоуправно право со поединечен акт или со дејствие на органот на организација на здружениот труд, на самоуправна интересна заедница или на друга самоуправна организација, на работна заедница на општествено-политичка организација, општествена организација и здружение на граѓани и на друга работна заедница која не е организирана како организација на здружениот труд;

34) за самоуправната спогодба со која се уредуваат меѓусебните односи на работниците во работата односно се утврдуваат основи и мерила за распоредување на доходот и за распределба на средствата за лични доходи, што се применува во организација на здружениот труд, а што ќе ги поведе синдикалната организација кога не ќе ја потпише самоуправната спогодба;

35) за распределба на остатокот на средствата по довршување на постапката за редовна ликвидација на организација на здружениот труд.

Член 19

Основните судови на здружениот труд ги решаваат во прв степен и споровите за стекнување и престанок на својството на работник во здружениот труд, како и споровите за другите самоуправни права и обврски на работниците од меѓу-

себните односи во здружениот труд во организациите на здружениот труд и во другите општествени правни лица, во работните заедници на општествено-политичките организации, општествените организации и здруженијата на граѓаните и во другите работни заедници кои не се организирани како организации на здружениот труд.

Член 20

Основните судови на здружениот труд одлучуваат во прв степен за законитоста на конечната одлука на внатрешната арбитража во организација на здружениот труд, во друга самоуправна организација и самоуправна интересна заедница, со која е одлучено за правата или должностите од самоуправните односи.

Член 21

Судот на здружениот труд на Македонија:

— ги решава во прв и последен степен споровите за законитост на актот на собранието на општината односно Собранието на Социјалистичка Република Македонија со кој се одредува привремена мерка спрема организација на здружениот труд, друга самоуправна организација односно заедница, поради битно нарушување на самоуправните односи, или потешко оштетување на општествените интереси или неизвршување на обврски утврдени со закон;

— го решава во прв и последен степен спорот што ќе го поведе собранието на општината односно Собранието на Социјалистичка Република Македонија во случај кога тоа, во согласност со закон, ќе запре од извршување поединечни одлуки, други акти и дејства со кои се повредуваат самоуправните права на работните луѓе и општествената сопственост;

— одлучува во втор степен по жалбите против одлуките на основните судови и на посебните судови на здружениот труд;

— одлучува за предлозите за повторување на постапката кога причината за повторување на постапката се однесува исклучиво на постапката пред Судот на здружениот труд на Македонија;

— го решава спорот за надлежност меѓу судовите на здружениот труд;

— врши и други работи што му се ставени во надлежност со закон.

Против одлуките на Судот на здружениот труд на Македонија не е дозволена жалба.

Член 22

Судот на здружениот труд на Македонија, на општа седница, утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања што се од значење за изедначување на судската практика во поглед на заштитата на самоуправните права и на општествената сопственост од страна на судовите на здружениот труд.

Општата седница ја сочинуваат сите судии на Судот на здружениот труд на Македонија.

За полноважно одлучување на општата седница, потребно е во работата да учествуваат повеќе од половина од сите судии на судот, а од постојаните судии најмалку две третини. Одлуките се донесуваат со мнозинство на гласови на сите судии на тој суд.

Општата седница донесува деловник за својата работа.

Член 23

За постапката во споровите од општествено-економските и другите самоуправни односи месно надлежен е судот на здружениот труд на чие подрачје се наоѓа седиштето на организацијата на здружениот труд, на самоуправната интересна заедница односно на друга самоуправна организација, во која односно спрема која организациите на здружениот труд, други самоуправни организации односно самоуправни интересни заедници, учесници во постапката имаат односно вршат самоуправни права, ако со закон не е поинаку одредено.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, за постапка е месно надлежен:

1) во споровите од член 18, став 2, точка 1, 3, 4, 24, 26 и 27 на овој закон — судот на чие подрачје се наоѓа дел од организацијата на здружениот труд односно од заедницата, задругата или здружението, во кои работниците работат односно вршат самоуправни права;

2) во споровите од член 18, став 2, точка 2 и 6 на овој закон — судот на чие подрачје се наоѓа седиштето на работната организација;

3) во споровите од член 18, став 2, точка 5 на овој закон — судот на чие подрачје се наоѓа седиштето на основната организација на здружениот труд која се организира односно се издвојува;

4) во споровите од член 18, став 2, точка 7 на овој закон — судот на чие подрачје се наоѓа седиштето на организацијата односно заедницата;

5) во споровите од член 18, став 2, точка 12 на овој закон — судот на чие подрачје се наоѓа седиштето на односната основна организација на здружениот труд;

6) во споровите од член 18, став 2, точка 26, 27 и 28 на овој закон — судот на чие подрачје се наоѓа седиштето на организацијата односно на заедницата што го донела актот;

7) во споровите од член 18, став 2, точка 29 на овој закон — судот на чие подрачје се наоѓа седиштето на организацијата односно на заедницата, која не постапува во согласност со самоуправната спогодба;

8) во споровите од член 18, став 2, точка 30, 31 и 32 на овој закон — судот на чие подрачје се наоѓа седиштето на општественото правно лице, на задругата односно на договорната организација на здружениот труд.

Организациите на здружениот труд, други самоуправни организации, интересни заедници како и други општествени правни лица, можат да предвидат со самоуправна спогодба или со друг самоуправен акт споровите од член 18 на овој закон да ги решава судот на здружениот труд од прв степен, кој не е месно надлежен според одредбите на став 1 и 2 од овој член.

Член 24

За постапката во споровите од член 19 на овој закон, месно е надлежен, покрај судот на здружениот труд на чие подрачје се наоѓа седиштето на општественото правно лице во кое работникот има својство на работник во здружениот труд, и судот на здружениот труд на чие подрачје се врши или се вршела работата односно судот на чие подрачје би требало да се врши работата.

Во случаите од претходниот став, со предлогот со кој се поведува постапката се определува судот кој ќе постапува во соодветниот спор.

Член 25

Постапката пред судот на здружениот труд се поведува по предлог на учесникот, а натамошната постапка судот ја води по службена должност.

Член 26

Предлогот со кој се поведува постапката се поднесува до месно надлежниот суд на здружениот труд, а работникот може да го предаде и во најблискиот општински суд, кој без одлагање ќе му го достави на судот на здружениот труд кому му е упатен.

Денот на предавањето во општинскиот суд се смета како ден на предавање на судот на здружениот труд кому му е упатен.

Член 27

Основниот суд на здружениот труд решава во совет од пет судии, од кои претседателот на советот и еден член се постојани судии, а три члена се повремени судии.

Во споровите од член 19 на овој закон судот решава во совет составен од тројца судии од кои претседателот е постојан судија, а двата члена се повремени судии.

Судот на здружениот труд на Македонија решава во совет од пет судии од кои претседателот и еден член се постојани судии, а другите три члена се повремени судии.

Член 28

Распоредот на постојаните судии по совети се утврдува на седница на постојаните судии.

Повремените судии во основен суд на здружениот труд, по правило, учествуваат во решавањето на споровите од подрачјето на општината во која се наоѓа општественото правно лице во кое имаат својство на работник во здружениот труд.

Ако одреден судија е спречен да учествува во советот во кој е распореден, претседателот на судот на здружениот труд ќе определи друг судија на негово место.

Доколку поради спреченост или изземање на постојан судија, или од други оправдани причини е доведено во прашање редовното работење на суд на здружениот труд, претседателот на Судот на здружениот труд на Македонија, времено ќе упати на работа во тој суд постојан судија од друг суд на здружениот труд, за решавање на одреден спор или на определено време, но не подолго од 3 месеци.

III. ОРГАНИЗАЦИЈА

Член 29

Основните судови на здружениот труд се основаат со посебен закон за подрачје на една или повеќе општини. Со тој закон се определува и нивното седиште.

Член 30

Седиштето на Судот на здружениот труд на Македонија е во Скопје.

Член 31

Судот на здружениот труд одржува рочиште во местото во кое е неговото седиште, а од причини на економичност или целесообразност, може да одржи рочиште и во друго место на своето подрачје.

Во споровите од член 19 на овој закон кога е потребно одржување на усна расправа, судот на здружениот труд расправата ќе ја одржи во седиштето на општината каде што работникот ја врши работата или каде што се наоѓаат поголемиот дел од доказите што треба да се изведат непосредно пред судот.

Општинскиот суд во чие седиште се држи усна расправа, во смисла на одредбите од овој член, е должен да му даде непосредна помош на судот на здружениот труд.

Член 32

Основен суд на здружениот труд се укинува со закон ако поради познатно трајно намалување на обемот на работите нема повеќе услови за негова натамошна работа.

Со законот со кој се укинува судот, ќе се одлучи и за датумот на престанокот на работата на судот и за судот кој ги презема работите од укинатиот суд, недовршените предмети и архивата, како и за работниците и за средствата на укинатиот суд.

Член 33

Работите со кои се обезбедуваат услови за правилно работење во судот на здружениот труд се вршат во рамките на судската управа.

Работите на судската управа ги врши претседателот на судот врз основа на овластувања утврдени со закон или општ акт на судот.

Претседателот на судот може вршењето на одредени работи од судската управа да го довери на постојан судија.

Член 34

Претседателот на судот на здружениот труд го претставува судот, се грижи за обезбедување на услови за правилно и редовно работење на судот, го утврдува распоредот на работите, одлучува за одржување на рочишта надвор од седиштето на судот, одлучува за потребите од објавување на судските одлуки преку средствата за јавното информирање, дава известувања за текот на судската постапка, поднесува предлог за извршување на одлука на судот кога за тоа не постои друг овластен предлагач, врши и други работи кои со закон или со друг општ акт му се ставени во надлежност.

Претседателот на судот е одговорен за вршењето на работите од судската управа.

Во случај на отсутност или спреченост претседателот го заменува постојан судија кој е определен со годишниот распоред на работите.

Член 35

Судот на здружениот труд на Македонија на општа седница донесува Правилник за внатрешно работење на судовите на здружениот труд (Судски деловник).

Со Судскиот деловник се пропишува начинот на работењето во судовите на здружениот труд, а посебно правилата за водење на судски уписници и други помошни книги, за работата на судската писарница, за обрасците кои се употребуваат во работата на судот, за постапувањето со судските списи од нивниот прием до архивирањето, за евиденција на приправничката практика и друго.

IV. СУДИИ

Член 36

За постојан судија може да биде избран државјанин на СФРЈ кој е дипломиран правник со потребно искуство и стручно знаење за вршење на судиска функција во суд на здружениот труд и кој е морално политички подобен за вршење на судиската функција.

Член 37

За повремен судија може да биде избран работен човек — државјанин на СФРЈ кој е морално-политички подобен за вршење на оваа функција и со оглед на своето стручно знаење или искуство е способен да врши судиска должност во суд на здружениот труд.

Член 38

Постојаните судии се избираат на 8 години и по истекот на тоа време можат да бидат повторно избрани.

Повремените судии се избираат на 4 години и по истекот на тоа време можат да бидат повторно избрани.

Во текот на времето за кое е избран, на судија да може да му престане функцијата само по силата на законот или со разрешување од страна на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, во случаите предвидени со закон и во постапка што е определена со закон.

Член 39

Постојаните судии не можат да бидат делегати во Собранието или членови на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ниту можат да вршат служба или работа што е несврзлива со судиската функција.

Како несврзливи работи со судиската функција се сметаат особено оние кои посредно или непосредно можат да влијаат врз самостојноста и независноста на судијата, како и работите кои се однесуваат на давање правна помош на физички и правни лица, а кои посредно или непосредно можат да влијаат врз доходот на судијата.

Кои работи се несврзливи со судиската функција во смисла на претходниот став се одлучува на седницата на постојаните судии.

Член 40

За повремен судија во суд на здружениот труд не може да биде избран индивидуален работоводен орган ниту член на колегијален работоводен орган во организација на здружениот труд и во друга самоуправна организација.

Член 41

Бројот на судиите во судовите на здружениот труд го определува Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 42

Судиите во судовите на здружениот труд ги избира Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по претходно прибавено мислење од Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија.

Судиите се избираат и разрешуваат на начин, под услови и според постапка со кои се обезбедува стручна способност, морално-политичка подобност за вршење на судската функција и независност на судиите во судењето.

Член 43

Собранието на Социјалистичка Република Македонија кога избира постојан судија на основен суд на здружениот труд, претходно ќе објави дека ќе се избира судија на судот и ќе ги повика кандидатите во одреден рок да му поднесат пријава на Собранието.

Соопштението дека ќе се избира судија се објавува во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" и во дневниот печат.

Рокот за пријавување на кандидатите не може да биде покус од 30 дена сметајќи од денот на објавувањето.

Член 44

За извршениот избор Собранието на Социјалистичка Република Македонија ќе го извести судот на здружениот труд и избраниот судија.

Член 45

Избор на судиите на кои им истечува мандатот се врши најдоцна 15 дена пред истекот на мандатот.

Член 46

Пред стапувањето на должност судијата дава свечена изјава која гласи:

„Изјавувам дека при вршењето на судиската должност ќе се залагам за развојот на социјалистичката самоуправна заедница и за остварување на заедничките интереси на работните луѓе и граѓаните на Социјалистичка Република Македонија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија и за остварување на општествено-економските и другите самоуправни односи и права на самоуправните организации и заедници и на работните луѓе и дека ќе се придржувам за Уставот на Социјалистичка Република Македонија и Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за законите и самоуправните акти и дека совесно и одговорно ќе ја вршам својата должност."

Избраните судии свечената изјава ја даваат пред претседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 47

Судијата не може да биде повикан на одговорност за мислење дадено при донесувањето на судска одлука.

Судијата не може, без одобрение на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, да биде притворен поради кривично дело сторено во вршењето на судиската функција.

Член 48

Одредбите за одговорност поради повреда на работната должност, утврдени со општиот акт на работната заедница на судот на здружениот труд, не се применуваат врз судиите.

Член 49

На повремените судии им припаѓа надоместок на патните трошоци и на дневниците и надоместок за изгубена заработка.

Поблиски прописи за надоместоците донесува Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 50

Собранието на Социјалистичка Република Македонија ќе го разреши од должноста судијата пред истекот на времето на кое е избран: ако се укине судот во кој е избран, ако самиот побара да биде разрешен, ако биде осуден за кривично дело на безусловна казна затвор во траење подолго од 6 месеци, ако се утврди дека извршил потешка повреда на должноста или на угледот на судиската функција, ако се утврди дека трајно ја изгубил работната способност за вршење на судиската функција, ако се утврди дека е морално-политички неподобен за вршење на оваа функција или функцијата ја врши неуредно, или ако постојан судија наполни 40 години пензиски стаж (маж) односно 35 години пензиски стаж (жена).

Постојан судија може да биде разрешен и ако заради смалување обемот на работата се смали бројот на судиските места во судот.

Претседателот на судот го известува Собранието на Социјалистичка Република Македонија за тоа дека постојаниот судија наполнил 40 години пензиски стаж (маж) односно 35 години пензиски стаж (жена), кое ќе го разреши од должноста и пред истекот на времето на кое е избран.

Член 51

Постојан судија кој не е повторно избран или предвреме е разрешен поради укинувањето на судот или намалување обемот на работата на судот, ги задржува, за шест месеци по престанокот на должноста, сите права од трудот и врз основа на трудот. За тоа време има право на личен доход, доколку не се вработи, во висина на личниот доход што го примал во последниот месец пред престанувањето на судиската должност, како и на зголемувањата на личниот доход и на другите примања на постојаните судии.

Постојан судија кој не е повторно избран или предвреме е разрешен според одредбите од претходниот став, му се става на располагање на Собранието на Социјалистичка Република Македонија за времето од претходниот став и може за тоа време да му се довери вршење на одредени работи кои одговараат на неговата стручна подготовка и функцијата што ја вршел.

Постојан судија кој наполнил 30 години пензиски стаж до денот на разрешувањето ги задржува правата од став 1 на овој член една година по престанокот на должноста.

Член 52

Ако постојан судија побара да биде разрешен, а Собранието на Социјалистичка Република Македонија не донесе одлука по ова барање во рок од три месеци од денот на поднесувањето на барањето, Судот, по барање од претседателот на судот на здружениот труд или од судијата, ќе утврди дека му престанала должноста во судот и за тоа ќе го извести Собранието.

Член 53

Одлуката за разрешување од должноста на судија поради морално-политичка неподобност или неуредно вршење на функцијата може да се донесе само ако е претходно спроведена постапка за утврдување на причината за разрешувањето и ако во таа постапка на судијата му е овозможено да се изјасни за таа причина.

Одредбата од претходниот став се применува и кога се разрешува судија поради потешка повреда на должноста или на угледот на судиската функција.

Член 54

Предлог за отпочнување на постапката за разрешување на судија на суд на здружениот труд поради причините од претходниот член, може да поднесе Судот на здружениот труд на Македонија на општа седница. Во предлогот ќе се изнесат причините поради кои се предлага отпочнување на постапката.

Комисијата за прашањата на изборите и именувањата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог или по своја иницијатива, донесува одлука за отпочнување и ја води постапката за разрешување на судија на суд на здружениот труд.

Во постапката за разрешување на судија на суд на здружениот труд се применуваат согласно одредбите кои се однесуваат на постапката за разрешување на судија на редовен суд.

Член 55

Судот на здружениот труд на седница на сите постојани судии може да одлучи судијата против кого е поведена кривична постапка или постапка за разрешување од должноста да не ја врши должноста во судот додека трае таа постапка.

Судијата не може да ја врши должноста додека се наоѓа во притвор.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 56

Со законот со кој се определува седиштето и подрачјето на основните судови на здружениот труд, се определува кога ќе отпочнат со работа судовите на здружениот труд.

Член 57

Споровите што се ставени во надлежност на судовите на здружениот труд, а кои според досегашните прописи спаѓаат во надлежност на Уставниот суд на Македонија и на редовните судови, ако не бидат правосилно завршени до почетокот на работата на судовите на здружениот труд, ќе ги довршат судовите кај кои отпочнала постапката.

Член 58

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија."

**438.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАДОМЕСТОК НА НЕГАТИВНИТЕ КУРСНИ РАЗЛИКИ ПО ЗАЕМОТ НА МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОПШТОЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОЕКТ

Се прогласува Законот за надоместок на негативните курсни разлики по заемот на Меѓународната банка за обнова и развој за извршување на општојугословенскиот земјоделски проект,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 10 ноември 1975 година.

Број 06-2954
10 ноември 1975 година
Скопје

| Претседател на Собранието на СРМ, | Претседател на Претседателството на СРМ, |
|---|---|
| **Благоја Талески,** с. р. | **Видое Смилевски,** с. р. |

## ЗАКОН
## ЗА НАДОМЕСТОК НА НЕГАТИВНИТЕ КУРСНИ РАЗЛИКИ ПО ЗАЕМОТ НА МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОПШТОЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОЕКТ

Член 1

За делот од заемот на Меѓународната банка за обнова и развој (Меѓународна банка), кој на организациите на здружениот труд од областа на земјоделството и на земјоделците им се одобрува во динарска вредност заради извршување на општојугословенскиот земјоделски проект од страна на Стопанската банка — Централа — Скопје ѝ се признава на Стопанската банка — Централа — Скопје, надоместок за негативните курсни разлики, настанати со промената на курсот на динарот во однос на курсот на валутата во која заемот се користи.

Член 2

При утврдувањето висината на надоместокот за негативните курсни разлики се земаат предвид искористените износи на кредитот за сето време на отплатата на кредитот.

Износот на курсната разлика за кој се дава надоместокот се утврдува врз основа на курсевите што важат во времето на користењето на кредитот и курсевите што важат во времето на отплатата на кредитот.

Член 3

Средства за плаќање на надоместокот за негативните курсни разлики обезбедува Социјалистичка Република Македонија од средствата за инвестиции во стопанството.

Стопанската банка — Централа — Скопје составува годишна пресметка за надоместокот на негативните курсни разлики и ја поднесува за исплата.

Член 4

Средствата од претходниот член, Стопанската банка — Централа — Скопје ќе ги користи за плаќање на негативните курсни разлики.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

439.

Врз основа на член 449 а во врска со членовите 442 и 443 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори на Собранието, одржана на 10 ноември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА УСТАВНИОТ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УСТАВНИОТ ЗАКОН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Уставниот закон за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Социјалистичка Република Македонија,

усвоен на заедничката седница на сите собори на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, одржана на 10 ноември 1975 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-2957
10 ноември 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с.р.

## УСТАВЕН ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УСТАВНИОТ ЗАКОН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Уставниот закон за спроведување на Уставот на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 7/74) член 14 се менува и гласи:

„До 31 декември 1977 година ќе се усогласат со Уставот на Социјалистичка Република Македонија законите што не се во согласност со него.

Собранието на Социјалистичка Република Македонија ќе ги определи роковите за усогласување на законите".

Член 2

Овој закон влегува во сила кога ќе го прогласат на заедничка седница сите собори на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

440.

Врз основа на член 318, точка 24, член 338, став 6, согласно член 376, став 5 и член 424 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 10 ноември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ДВАЈЦА СУДИИ НА УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

I

За судии на Уставниот суд на Македонија се избираат:

Осман Мифтари, досегашен претседател на Врховниот суд на Македонија, и

Беќир Жута, досегашен помошник на републичкиот секретар во Републичкиот секретаријат за урбанизам, станбени и комунални прашања.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-2946
11 ноември 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с.р.

441.

Врз основа на член 318, став 1 точка 24, член 338 алинеја 6, член 415 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, и член 31 од Законот за судовите од општа надлежност („Службен весник на СРМ" бр. 42/65), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 10 ноември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И СУДИИ НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

I

1. Се разрешува од должноста претседател на Врховниот суд на Македонија Осман Мифтари поради заминување на нова должност.
2. Се разрешуваат од должноста судија на Врховниот суд на Македонија: Киро Никовски, Атанас Атанасовски и Ставре Филипче, поради исполнувањето на условите за остварување на старосна пензија.

II

За претседател на Врховниот суд на Македонија се избира:

Кочо Тулески, претседател на Собранието на општината Тетово.

III

За судии на Врховниот суд на Македонија се избираат:

1. Тодор Анастасов, досегашен судија на Врховниот суд на Македонија;
2. Вангел Ацев, досегашен судија на Врховниот суд на Македонија;
3. Љубомир Босилков, досегашен судија на Врховниот суд на Македонија;

4. Сотир Делидинков, досегашен судија на Врховниот суд на Македонија;

5. Тодор Деспотов, досегашен судија на Врховниот суд на Македонија;

6. Хилми Емини, досегашен судија на Врховниот суд на Македонија;

7. Салтир Кошевалиски, досегашен судија на Врховниот суд на Македонија;

8. Славе Петровски, досегашен судија на Врховниот суд на Македонија;

9. Танаско Трајковски, досегашен судија на Врховниот суд на Македонија;

10. Миладин Чапаровски, досегашен судија на Врховниот суд на Македонија;

11. м-р Киро Чавдар, досегашен помошник на републичкиот секретар за правосудство;

12. Стојче Поповски, досегашен судија на Окружниот суд во Скопје;

13. Олга Наумова, досегашен судија на Окружниот суд во Скопје.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-440/13
10 ноември 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с.р.

**442.**

Врз основа на член 318, став 1, точка 24, член 338, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, и член 6 од Законот за стопанските судови во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 42/65), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 10 ноември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И СУДИИ НА ВИШИОТ СТОПАНСКИ СУД ВО СКОПЈЕ

I

За претседател на Вишиот стопански суд во Скопје се избира:

Љупчо Ефремов, досегашен претседател на Вишиот стопански суд во Скопје.

II

За судии на Вишиот стопански суд во Скопје се избираат:

1. Петар Липковски, досегашен судија на Вишиот стопански суд во Скопје;

2. Џемаил Османи, досегашен судија на Општинскиот суд во Куманово;

3. Тихомир Велковски, досегашен судија на Окружниот стопански суд во Скопје;

4. Славко Митев, досегашен судија на Окружниот стопански суд во Скопје;

5. Димитар Башевски, досегашен директор на дирекцијата во Стопанската банка — централа во Скопје.

III

1. Се разрешуваат од должноста судија на Вишиот стопански суд во Скопје: Ратко Анастасов, Наќе Гроздановски и Тодор Груевски, поради исполнувањето на условите за остварување на старосна пензија,

2. Поради истекот на времето за кое бил избран, на Спиро Јанев му престанува функцијата судија на Вишиот стопански суд во Скопје.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-440/14
10 ноември 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

**443.**

Врз основа на член 318 став 1, точка 25, член 338, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 10 ноември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

I

За јавен обвинител на Македонија се именува Јордан Јордановски, досегашен заменик јавен обвинител на Македонија.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-440/15
10 ноември 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с.р.

**444.**

Врз основа на чл. 318, став 1, точка 25, и чл. 338, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, член 10, став 1 од Законот за јавното правобранителство („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" бр. 19/65), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 10 ноември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИ ЈАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

I

За републички јавен правобранител се именува Александар Крстевски, досегашен републички јавен правобранител на Македонија.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-440/16
10 ноември 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с.р.

**445.**

Врз основа на член 318, став 1, точка 24 и чл. 338 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, член 19 од Законот за судовите од општа надлежност и член 6 од Законот за стопанските судови во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 42/65), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 10 ноември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И СУДИИ ВО ОКРУЖНИТЕ СУДОВИ И ОКРУЖНИТЕ СТОПАНСКИ СУДОВИ

I

За судии на Окружниот суд во Битола се избираат:

1. Томе Ивановски, досегашен судија на Окружниот суд во Битола;
2. Христо Каров, досегашен судија на Окружниот суд во Битола;
3. Коста Кирков, досегашен судија на Окружниот суд во Битола.

Им престанува функцијата на судија на Окружниот суд во Битола на Целе Ангелевски и Диоген Хаџи Коста, поради истекот на времето за кое биле избрани.

II

За судии на Окружниот суд во Скопје се избираат:

1. Атанас Спасов, досегашен судија на Окружниот суд во Скопје;
2. Благоја Чоневски, досегашен судија на Окружниот суд во Скопје;
3. Божин Ингилизовски, досегашен судија на Окружниот суд во Скопје;
4. Борис Спировски, досегашен судија на Окружниот суд во Скопје;
5. Милка Јованов, досегашен судија на Окружниот суд во Скопје;
6. Бранка Цировири, досегашен судија на Окружниот суд во Скопје;
7. Владимир Ракочевиќ, досегашен судија на Окружниот суд во Скопје;
8. Братољуб Раичковиќ, досегашен судија на Окружниот суд во Скопје;
9. Петар Јовчев, досегашен судија на Окружниот суд во Скопје;
10. Павле Арсенски, досегашен судија на Окружниот суд во Скопје.

Се разрешуваат од должноста судии на Окружниот суд во Скопје: Стојче Поповски и Олга Наумова, поради избор во друг суд.

III

За претседател на Окружниот суд во Штип се избира: Перо Чучурски, досегашен претседател на Окружниот суд во Штип.

За судии на Окружниот суд во Штип се избираат:

1. Љубен Велков, досегашен судија на Окружниот суд во Штип;
2. Божил Божилов, досегашен судија на Окружниот суд во Штип;
3. Коста Кукутанов, досегашен судија на Окружниот суд во Штип;
4. Васил Велковски, досегашен судија на Окружниот суд во Штип.

IV

Се разрешува од должноста претседател на Окружниот стопански суд во Битола Бранко Блажевски, поради истекот на времето за кое бил избран.

За судии во Окружниот стопански суд во Битола се избираат:

1. Јорго Ристевски, досегашен судија на Окружниот стопански суд во Битола;
2. Бранко Блажевски, досегашен претседател на Окружниот стопански суд во Битола;
3. Сотир Прчковски, досегашен секретар на Извршниот совет на Собранието на општина Битола.

V

За претседател на Окружниот стопански суд во Скопје се избира Асен Клетнички, досегашен претседател на Окружниот стопански суд во Скопје.

За судии на Окружниот стопански суд во Скопје се избираат:

1. Стефан Русјаков, досегашен судија на Окружниот стопански суд во Скопје;
2. Живко Стефановски, досегашен судија на Окружниот стопански суд во Скопје;
3. Радомир Ѓорѓиевски, досегашен судија на Окружниот стопански суд во Скопје;
4. Душко Костиќ, досегашен судија на Окружниот стопански суд во Скопје;
5. Страхил Андоновски, досегашен судија на Окружниот стопански суд во Скопје;
6. Благој Секулов, досегашен судија на Окружниот стопански суд во Скопје.

Се разрешуваат од должноста судии на Окружниот стопански суд во Скопје: Славко Митев и Тихомир Велковски, поради избор во друг суд, а Симеон Двојаков по негово барање.

VI

За судија на Окружниот суд во Штип се избира Петар Петковски, досегашен судија на Окружниот стопански суд во Штип.

VII

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-440/17
10 ноември 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с.р.

**446.**

Врз основа на член 318, став 2 и член 334, алинеја 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 13, став 2 од Законот за организирање научните дејности („Службен весник на СРМ“ број 17/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 21 октомври 1975 година, и на седницата на Општествено-политичкиот собор, одржана на 10 ноември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

## ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЧЛЕН 41 ОД СТАТУТОТ НА ООЗТ — ВЕТЕРИНАРЕН ИНСТИТУТ — СКОПЈЕ

I

Се потврдува Одлуката за дополнување на чл. 41 од Статутот на ООЗТ — Ветеринарен институт — Скопје, што Собирот на работните луѓе на ООЗТ — Ветеринарен институт — Скопје ја донесе на 14 октомври 1975 година.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-2761
10 ноември 1975 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски,** с.р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с.р.

**447.**

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 10 ноември 1975 година, откако го претресе и усвои материјалот за состојбите и актуелните проблеми во безбедноста на сообраќајот, донесе

## ПРЕПОРАКА

## ЗА РЕШАВАЊЕ НА АКТУЕЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ И ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ

Современиот сообраќај во нашата Република, како и во целата земја, се наоѓа во фаза на интензивен развој, со јавно изразени тенденции за уште позабрзан развој во иднина, што претставува општа благосостојба и е одраз на општиот стопански и општествен развој на Републиката. Таквиот развој на сообраќајот, поради самата негова природа и низа слабости во севкупната организација на сообраќајниот систем со сите негови компоненти, е придружен и со негативни и штетни појави и последици, изразени преку човечки жртви и непроценливи материјални штети на граѓаните, стопанството и општеството во целина. Иако досега на планот на подобрувањето на безбедносната состојба се вложувани доста напори и се постигнати видни резултати гледано според обемот на манифестираните негативни појави и последици од нив, се уште постои релативно висок степен на загрозување во сообраќајот.

Ваквата состојба со безбедноста во сообраќајот, покрај другото, е резултат и на повеќе нерешени или неадекватно решени прашања и проблеми сврзани со процесот на одвивањето и безбедноста на сообраќајот, како што се:

— неадекватниот развој на патната мрежа, која во поголемиот дел, според техничките елементи, состојбата на коловозникот, сообраќајното уредување и опремување, одржувањето и состојбата на патната сигнализација, особено во населените места, се уште не оди во чекор со потребите што ги наметнува современиот патен сообраќај, а фактот што на нашите патишта се уште постојат поголем број несанирани „црни точки“, само ја потврдува горната констатација, потоа, релативно ниското ниво на општата и посебно на сообраќајната култура кај добар дел од учесниците во сообраќајот, што најмногу се должи на неизграден организиран систем за континуирано сообраќајно воспитување и образование во текот на целиот живот на учесникот во сообраќајот, недоволно развиениот и организиран систем на превентивно дејствување, неадекватната кадровска и стручна оспособеност и техничка опременост на службите за контрола и регулирање на патниот сообраќај, неадекватниот интензитет на ангажирањето на сите општествени фактори и одговорни субјекти на општествената самозаштита во унапредувањето на сообраќајната превентива и безбедноста во патниот сообраќај и др. — сето тоа во областа на патниот сообраќај.

— нерегулираните и необезбедени патни премини преку железнички пруги во ниво, големиот процент на застареност на средствата и општотехничката состојба на основните транспортни капацитети, нискиот степен на техничка опременост во процесот на организацијата на превозот и бавната реализација на програмата за модернизација, при што човекот останува како основен фактор во безбедноста на железничкиот сообраќај, и др. — во областа на железничкиот сообраќај,

— застареноста или недостигот на одделни технички помагала од кои зависи безбедноста во воздушниот сообраќај (радари, навигациони уреди и др.), недостигот на технички помагала за контрола на патниците и багажот и др. — во областа на воздушниот сообраќај, и

— застареноста на пловните објекти, неуреденоста и неопременоста на пристаништата и пристаните, недоволната стручна подготвеност на посадата на пловните објекти и во целина правно нерегулираниот режим на езерскиот сообраќај и др. — во областа на езерскиот сообраќај.

Имајќи ги предвид изнесените констатации, а со цел да се изменат и подобрат неповолните состојби, да се создадат услови за поефикасно решавање на присутните проблеми во севкупното функционирање на сообраќајниот систем и да се постигне повисок степен на безбедност во сообраќајот, Собранието на Социјалистичка Република Македонија

ПРЕПОРАЧУВА

1. Безбедноста во сообраќајот е работа од посебен општествен интерес. Поради тоа, за нејзино подобрување и одржување на едно поповолно ниво, е потребна постојана општествена мобилност, максимална ангажираност и поорганизирано, координирано и ефикасно дејствување на сите општествени фактори и одговорни субјекти на системот на општествената самозаштита во областа на сообраќајот, со вклучување и на самите граѓани — учесници во сообраќајот, особено преку оние форми на општествена организираност преку кои најнепосредно ќе се влијае врз подобрувањето и унапредувањето на сообраќајната дисциплина и на безбедноста во сообраќајот воопшто.

2. Постојано да се врши проучување и прилагодување на системот на сообраќајното воспитување и образование на граѓаните кон степенот на потребите што ги наметнува развиениот современ патен сообраќај, со постојано организирано и континуирано настапување и ангажирање на сите субјекти, почнувајќи од претшколските и школските установи, општествено-политичките организации (особено пионерските и младинските), ЈНА, организациите на здружениот труд и другите организации и органи, чија основна дејност е јавен превоз и превоз за сопствени потреби, здруженијата на возачите, Авто-мото сојузот на Македонија и авто-мото друштвата, месните заедници, општините и Републиката, со единствена цел да се обезбеди континуирано сообраќајно воспитување и образование на учесникот во сообраќајот, почнувајќи од неговата најрана возраст, па и низ целиот живот.

Покрај постојните емисии од областа на сообраќајот, во ТВ и радио-училишните програми да се воведе и сообраќајно образование како наставно обработена содржина, а заради покомплетно и поквалитетно сообраќајно образование и воспитување, особено на најмладите учесници во сообраќајот, потребно е пошироко вклучување и на печатот во информирањето на јавноста за работите од областа на патниот сообраќај и активно учество во сообраќајно-превентивно-воспитните акции и другите форми на превентивно дејствување.

3. Поаѓајќи од уставните и законските обврски за развивање и јакнење на општествената самозаштита во областа на патниот сообраќај, во новиот собраниски систем на општините треба на единствен начин да се реши местото, улогата и задачите на општинските совети за безбедност на сообраќајот, како општествени тела чија основна задача ќе биде обединување на силите и материјалните средства и координирање на активностите за јакнење на безбедноста на сообраќајот и за унапредување на сообраќајната превентива.

Во својата работа советите за безбедност на сообраќајот постојано да се грижат за изнаоѓање нови форми за превентивно дејствување, како и за изградување систем на превентивни мерки и за нивна континуирана примена.

4. Надлежните републички органи (Секретаријатот за финансии, Секретаријатот за сообраќај и врски и Советот за изградба, реконструкција и одржување на јавните патишта) и надлежните општински органи да изнајдат решение за обезбедување на потребните материјални средства за постепено отстранување на констатираните недостатоци во врска со опремувањето и одржувањето на патиштата и патната сигнализација и за итно санирање на утврдените „црни точки“ и опасни делници, како на отворените патишта, така и во населените места, давајќи им притоа приоритет на оние места кои не трпат одлагање.

5. Нараснатите потреби на современиот патен сообраќај од негово уредно и безбедно одвивање укажуваат на потребата од организирање на посебна служба за укажување на техничка и друга помош на патиштата и давање информации на учесниците во сообраќајот. Поради тоа што таква служба (иако недоволно организирана, развиена и ефикасна) постои при Авто-мото сојузот на Македонија, каде што на тој план постојат и извесни искуства, потребно е Авто-мото сојузот на Македонија, во соработка со другите организации и органи што се грижат за безбедноста во сообраќајот, да ги преиспита состојбите и потребите од таква служба и да предложи начин за нејзино поадекватно организирање.

6. Организациите на здружениот труд и другите организации и органи што вршат јавен превоз и превоз за сопствени потреби доследно да се придржуваат за обврските од член 5, став 2 од Законот за основите на безбедноста на сообраќајот („Службен лист на СФРЈ“ бр. 17/74) и член 205 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), во поглед на организирањето и трајното вршење на контрола над исполнувањето на пропишаните услови за работа на возачите, над техничката исправност на возилата и над исполнувањето на другите пропишани мерки од кои зависи безбедноста на сообраќајот на патиштата, за што посебно треба да се ангажираат и самоуправните органи во самите организации на здружен труд.

Органите за внатрешни работи, преку овластените работници, во иднина повеќе да се ангажираат и почесто да вршат увид во работите на постојаната внатрешна контрола во организациите на здружениот труд и другите организации и органи и притоа доследно да постапуваат по законските овластувања во случаите кога ќе утврдат недостатоци во поглед на постоењето и функционирањето на внатрешната контрола.

7. Заради утврдување на стварните причини за сообраќајните незгоди и другите негативни појави во сообраќајот, покрај статистичкото следење, да се пристапи и кон научно следење и истражување на сообраќајните незгоди и нивните причини заради преземање на поадекватни мерки за нивно спречување и отстранување, како и следење на мерките што се преземаат од аспект на нивниот стварен придонес во спречувањето и отстранувањето на причините на негативните појави, што ќе биде предмет на работа на новооснована научно-истражувачка установа или, пак, таква ќе биде формирана од страна на некоја веќе постојна слична установа.

8. Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика во најскоро време да ги донесе дополнителните прописи, согласно со член 155, 159 и 160 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), во врска со здравствените прегледи на возачите и контролата на алкохолизираноста.

9. Во органите за внатрешни работи да се пристапи кон итно пополнување на систематизираните работни места за контрола и регулирање на патниот сообраќај, сеопшто стручно оспособување и техничко опремување на службите и кон изградување на такви профили на кадри кои ќе бидат способни и преку својот личен однос и активност да ја развиваат сообраќајната култура и да придонесуваат за подобрување на безбедносната состојба во патниот сообраќај.

Службата за јавна безбедност во остварувањето функцијата на контрола и регулирање на патниот сообраќај е потребно организационо така да се постави што ќе обезбеди најоптимален интензитет на контрола на сообраќајот со поефикасно покривање на патиштата, особено на магистралните и другите поважни патни правци, подоследна примена на прописите за безбедност на сообраќајот и насочување особено кон спречување и отстранување на сообраќајните деликти кои се најчести причини за сообраќајни незгоди и со кои во најголема мера и најдиректно се загрозува безбедноста во патниот сообраќај.

10. Советот за изградба, реконструкција и одржување на јавните патишта во СР Македонија, Претпријатието за јавни патишта „Македонија — пат“, Железничко-транспортното претпријатие — Скопје и надлежните општински органи да преземат мерки за санирање на безбедносната состојба на патните и железничките премини во ниво.

11. Железничко-транспортното претпријатие — Скопје, преку своите надлежни органи, а во содејство со органите на инспекцијата за железнички сообраќај, да обезбеди почитување на сообраќај-

но-техничките и други прописи и остварување на поголем степен на техничко-технолошка дисциплина и преземање на потребните мерки против прекршителите во процесот на превозот.

12. Да се забрза донесувањето на прописи што ќе го регулираат режимот на езерскиот сообраќај во Републиката.

Организациите — носители на правото на користење на пристаништата, пристаните и пловните објекти да преземат мерки за уредување и опремување на пристаништата и пристаните, за одржување и обновување на пловниот возен парк, како и за стручно оспособување на посадите на пловилата.

13. Од надлежните органи и организации да се преземат мерки за целосно техничко опремување и уредување на аеродромите во Републиката за побезбедно одвивање на воздушниот сообраќај.

14. Од страна на надлежните републички и општински органи да се забрза постапката за донесување на сите законски и подзаконски прописи од областа на сообраќајот кои се уште не се донесени и да се преземат конкретни мерки за доследна примена на прописите.

15. Се задолжува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија да го следи реализирањето на препораката и да го известува Собранието на СР Македонија за нејзината реализација.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-
10 ноември 1975 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски,** с.р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с.р.

**448.**

Врз основа на точка 3 од Одлуката за распределба на средствата за изградба и опремување на нестопански објекти што се од општ интерес за Републиката за 1975 година („Службен весник на СРМ" бр. 18/75, 25/75 и 31/75), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## ОДЛУКА
### ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ИЗГРАДБА И ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА ТЕХНИЧКА КУЛТУРА ВО СР МАКЕДОНИЈА ЗА 1975 ГОДИНА

I

Од средствата за нестопански инвестиции што ќе се остварат во 1975 година, по основ на републичкиот данок за промет им се доделуваат на:

| | |
|---|---|
| 1. Републичкиот совет на народна техника на СРМ | 790.000 дин. |
| 2. Општинскиот совет на Народна техника-Струмица | 500.000 „ |
| 3. Општинскиот совет на Народна техника — Берово | 80.000 „ |
| 4. Општинскиот совет на Народна техника — Кавадарци | 130.000 „ |
| 5. Општинскиот совет на Народна техника — Кочани | 250.000 „ |
| ВКУПНО: | 1.750.000 дин. |

II

Износите на средствата од претходната точка ќе ги преведува Републичкиот секретаријат за финансии на Републичкиот совет на Народната техника на СР Македонија, според динамиката на приливот на средствата.

III

Неискористените средства по оваа одлука ќе се пренесуваат во наредната година.

IV

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 12-1987/1
15 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с.р.

**449.**

Врз основа на член 35 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 40/71 година) и член 7 и 24 од Посебниот општествен договор за критериумите и мерилата за усогласување на надоместокот на личен доход и на примањата на делегатите и функционерите што ги избираат односно именуваат Собранието на СР Македонија, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, општествено-политичките организации и Стопанската комора на Македонија, склучен на 22. јануари 1975 година, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на ден 29. октомври 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ КАТЕГОРИИ НА ФУНКЦИИ И ЗА ВИСОЧИНАТА НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ И ДРУГИТЕ НАДОМЕСТОЦИ НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ И РАБОТНИЦИТЕ ШТО ГИ ИМЕНУВА ОДНОСНО НАЗНАЧУВА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ ИЛИ ШТО СЕ ИМЕНУВААТ ИЛИ НАЗНАЧУВААТ ВО СОГЛАСНОСТ СО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

Член 1

Во Одлуката за утврдување категории на функции и за височината на личните доходи и другите надоместоци на функционерите и работниците што ги именува односно назначува Извршниот совет или што се именуваат или назначуваат во согласност со Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 25/75), во член 2, точка IV по зборот „управа" буквата „и" се заменува со запирка, а по зборот „Идризово" се додаваат зборовите: „и самостоен советник во Извршниот совет".

Во точката V се бришат зборовите „самостоен советник во Извршниот совет".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а во однос на личните доходи ќе се применува од 1. јануари 1975 година.

Број 12-2307/1
29 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с.р.

По извршеното срамнување со изворниот текст, установено е дека во текстот на Законот за промет со земјишта и згради и во текстот на Законот за деловните згради и деловните простории, објавени во „Службен весник на СРМ" број 36/75, се поткраднале грешки, поради што се дава

## ИСПРАВКА
### НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОМЕТ СО ЗЕМЈИШТА И ЗГРАДИ И НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕЛОВНИТЕ ЗГРАДИ И ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ

I. ЗАКОН ЗО ПРОМЕТ СО ЗЕМЈИШТА И ЗГРАДИ:

а) Во член 19, став 1, во четвртиот ред, наместо зборот „најмалку" треба да стои зборот „најмногу".

б) Во член 25, во ставот 6 и 7, наместо бројот „4" треба да стои „5".

II. ЗАКОН ЗА ДЕЛОВНИ ЗГРАДИ И ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ:

а) Во член 46, став 2, во првиот ред, наместо зборот „закуподавачот" треба да стои „закупувачот".

Број 10-140
7 ноември 1975 година
Скопје

ОД ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНАТА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

# ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

**335.**

Врз основа на член 139 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија, Стопанската комора на Македонија и Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, склучуваат:

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР
### ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ НА САМОУПРАВНОТО УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ ВО СТЕКНУВАЊЕТО И РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ДОХОДОТ И РАСПРЕДЕЛБАТА НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ВО СР МАКЕДОНИЈА

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со цел да се обезбедува организиран и единствен пристап во остварувањето на начелото на распределбата според трудот и резултатите од трудот, начелото за солидарноста на работниците во здружениот труд и самоуправното уредување на условите и односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и распределбата на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка, учесниците на овој Општествен договор (Договор) ги утврдуваат заедничките основи и принципи, како и обврски за своето дејствување во развојот и унапредувањето на самоуправното уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и распределбата на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка, како и доследно остварување на договорената политика.

Член 2

Учесниците на Договорот (учесници) се обврзуваат, во рамките на своите уставни права, должности и одговорности, со своето дејствување да создаваат поволни услови, работниците да одлучат за стекнувањето и распоредувањето на доходот и распределбата на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка, согласно со начелото за распределба според трудот, меѓусебната одговорност, солидарноста на работниците и принципи за стекнување и распоредување на доходот, да го поттикнуваат развојот и унапредувањето на самоуправното спогодување; да влијаат на усовршувањето на мерилата за вреднување на работниот придонес, развивањето на стимулативните форми на распределбата и да се отстрануваат општествено-неоправданите разлики во личните доходи.

Член 3

Учесниците ќе влијаат да се создаваат услови работниците во здружениот труд, во рамките на своите права и обврски, по пат на самоуправно спогодување и општествено договарање, да одлучуваат за развојната и инвестиционата политика, политиката на цените, надворешно-трговскиот и девизниот режим, кредитно-монетарната политика, даноците, придонесите и другите услови за стекнување на доходот.

Член 4

Поаѓајќи од договорените општествени основи, принципи и правата и обврските, учесниците, посебно Синдикатот ќе се залагаат:

— работниците во основните организации на здружениот труд и работните заедници (организации) со работниците во другите организации да склучуваат самоуправни спогодби за заедничките основи и мерила за условите за стекнување и за распоредување на доходот и распределбата на средствата за лични доходи на ниво на гранка, групација и дејност, односно во рамките на заедницата на основни организации, работната или сложената организација, репродукциониот комплекс и самоуправната интересна заедница (самоуправна спогодба за заедничките основи и мерила);

— работниците во организацијата, според заедничките основи и принципи утврдени во овој договор и во Самоуправната спогодба за заедничките основи и мерила, поаѓајќи од своите услови и специфичности, со самоуправна спогодба поблиску да ги утврдуваат основите и мерилата за стекнување и распоредување на доходот и распределбата на средствата за лични доходи (самоуправна спогодба на организацијата).

Синдикатот, Стопанската комора на Македонија и републичките самоуправни интересни заедници, заедно со организациите иницираат постапка за склучување самоуправни спогодби за заедничките основи и мерила и ги утврдуваат учесниците во самоуправното спогодување.

### II. СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДОХОДОТ

Член 5

Учесниците на Договорот ќе се залагаат при склучувањето и примената на самоуправните спогодби за заедничките основи и мерила, организациите да поаѓаат од општествено договорените и самоуправно утврдените планови и програми за развој на организацијата, групацијата и гранката, програмите за развој на организациите поврзани во репродукционите комплекси, од општествените

планови и програми за развој, односно од висината на доходот и пропорциите за неговото распоредување што се утврдува за секоја година со основите на заедничката политика на економскиот и социјалниот развој на Републиката.

Член 6

Во остварувањето на поставките од претходниот член учесниците ќе се залагаат:

— работниците во организациите на здружениот труд, во зависност од сопствените услови за работа да планираат доход по работник за секоја година, со кој се обезбедува постојано обновување, зголемување и унапредување на материјалната основа на трудот во организацијата и на вкупниот општествен труд, како и оптимално издвојување на средства за резерва со цел да се постигне и да се одржува деловната способност на организацијата;

— во програмите за развој и во самоуправните спогодби на организациите, групациите, гранките, дејностите и репродукционите комплекси да се утврдува доход најмалку во висина со која се обезбедува материјална и социјална сигурност на работникот и минимум средства за проширена материјална основа на работникот на здружениот труд;

— организациите што не остваруваат доход со кој се обезбедува материјалната и социјалната сигурност на работниците да преземаат неопходни мерки за подобрување на својата економска положба (изработка на програми за развој, преориентација на производството, подобрување на квалификационата структура на вработените и организацијата на работењето, здружување со други организации и др.).

Член 7

Учесниците во рамките на своите права и обврски ќе влијаат:

— пред распоредувањето на доходот, делот од доходот кој што е резултат на работењето во исклучително поволни природни услови или е резултат на исклучителни погодности на пазарот или на други исклучителни погодности во стекнувањето на доходот, организациите да го насочуваат за развој на материјалната основа на здружениот труд и да го користат во согласност со самоуправната спогодба и со Закон;

— делот од доходот остварен со промена на цените или со намалување на обврските во секундарната распределба наменета за јакнење на репродуктивната способност на здружениот труд, пред распоредувањето на доходот да се издвојува за проширување на материјалната основа на здружениот труд;

— организациите во Самоуправната спогодба за заедничките основи и мерила да утврдуваат мерила и критериуми за издвојување делот на доходот од овој член за проширување на материјалната основа на здружен труд.

Учесниците на Договорот заедно со учесниците на самоуправните спогодби, до донесувањето на закон со кој ќе се регулира утврдувањето на делот од доходот што е резултат на поповолни природни и пазарни услови, ќе изготват методологија за регулирање на оваа материја.

Член 8

Учесниците ќе влијаат, работниците од организациите од областа на прометот со работниците во производството како и другите организации поврзани во репродукционите комплекси, со самоуправни спогодби да ги утврдуваат условите и односите во стекнувањето на доходот имајќи го предвид својот придонес во неговото создавање, а со цел да се воспостават рамноправни односи во остварувањето на доходот и средствата за лични доходи.

Член 9

Учесниците постојано и организирано ќе дејствуваат:

— работниците во организациите од општествените дејности да стекнуваат доход во зависност од квантитетот и квалитетот на својот труд во остварувањето на плановите за работа и развој, утврдени врз самоуправни основи во самоуправните интересни и општествено-политички заедници, како и од нивниот придонес за порастот на општествената продуктивност на трудот, развојот на производните сили на општеството и социјалистичките самоуправни односи;

— при размената на трудот меѓу работниците во организациите на општествените дејности и корисниците на нивните услуги да се поаѓа од нивото на личните доходи и заедничката потрошувачка што се остварува во стопанството на подрачјето на интересната заедница, односно работната заедница и од начелото на солидарноста, при што треба да се почитуваат разликите во условите на работењето, резултатите на трудот, квалификационата структура на работниците и др.;

— работниците во работните заедници на деловните банки, деловните здруженија, осигурувањето и стручните служби на самоуправните интересни заедници со корисниците на нивните услуги со самоуправна спогодба да го уредуваат остварувањето на средствата за лична и заедничка потрошувачка поаѓајќи од висината и движењето на овие средства во организациите на стопанството во општината каде е седиштето на работната заедница;

— работниците во работните заедници на заедничките служби кои вршат административно-стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за повеќе организации, личните доходи и средствата за заедничка потрошувачка да ги остваруваат во согласност со висината и движењето на личните доходи и средствата за заедничка потрошувачка на работниците во организациите за кои ги вршат работите, а според остварените резултати во работењето и други услови утврдени со самоуправна спогодба склучена меѓу нив и корисниците на нивните услуги.

Член 10

Учесниците во своето дејствување ќе создаваат услови, работниците врз основа на самоуправните спогодби да одлучуваат за целокупниот доход, односно за остварениот доход зголемен за износот на амортизацијата над минималните законски стапки. Вака утврдениот доход служи за споредување и оценка на резултатите на работењето на организацијата.

Под доходот што се распоредува во согласност со самоуправната спогодба за заедничките основи и мерила се подразбира остварениот доход од претходниот став намален за законските и договорните обврски.

Член 11

Учесниците на Договорот, а посебно Синдикатот како иницијатор и учесник во самоуправното спогодување ќе се залагаат при утврдувањето на заедничките основи и мерила за распоредувањето на доходот да се поаѓа од следниве начела:

— организациите кои остваруваат поголем доход по работник од просекот на групацијата, гранката, дејноста или во соодветните форми на здружување на трудот и средствата, да издвојуваат релативно повеќе средства за проширување на материјалната основа на здружениот труд и за резерви од просечното издвојување, со тоа работните луѓе во овие организации да можат да остваруваат и поголеми лични доходи од просекот;

— организациите кои остваруваат помал доход по работник од просекот, можат да издвојуваат

релативно помалку за проширување на материјалната основа на здружениот труд и за резерви од просекот, со тоа и за личната и заедничката потрошувачка да издвојуваат помалку од просечните издвојувања;

— работниците при примената на овие начела утврдуваат квантитативна зависност на движењето на доходот по работник, издвојувањето на средствата за проширувањето на материјалната основа на здружениот труд и средствата за лични доходи согласно разликите во условите на работењето и стекнувањето на доходот (како што се техничката опременост на трудот, технолошките услови, степенот на користењето на капацитетите и продуктивноста на трудот, односите на цените и др.) кои постојат во основните организации на здружен труд, групациите, гранките и областите во стопанството.

Член 12

Учесниците на овој договор ќе се ангажираат при утврдувањето на основите и мерилата за распоредување на доходот во самоуправните спогодби на организациите и самоуправните спогодби за заедничките основи и мерила, да се поаѓа особено од следново:

— мерилата за распоредување на доходот да се донесуват врз основа на детални анализи на условите за стекнување на доходот, на резултатите во работењето и односите во распоредувањето на доходот, со нивно споредување во рамките на организацијата, групацијата, гранката, репродукциониот комплекс, Републиката и целата земја;

— доходот остварен во смисла на член 7 од овој договор, пред распоредувањето на доходот да се издвојува за проширување на материјалната основа на здружениот труд;

— да се усогласуваат личните доходи меѓу организациите, групациите и дејностите, како и меѓу организациите во репродукционите комплекси, поаѓајќи од начелото за еднаков труд да се остварува приближно ист личен доход, разликите во личните доходи на работниците во групацијата и дејностите треба пред сè да произлегуваат од различните услови во работата, од резултатите во работењето, квалификационата структура и односите утврдени во програмите за развој, а не од разликите во висината на доходот и акумулативноста кои произлегуваат од нерамномерниот техничко-технолошки развој на групациите и дејностите;

— со примена на соодветни мерила за распределба да се обезбедува нивото и порастот на личните доходи и средствата за заедничка потрошувачка да бидат во согласност со придонесот на работниците во остварувањето на доходот врз основа на зголемената продуктивност на трудот, рационалното користење на средствата, економичноста во работењето и др.;

— средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка да се усогласуваат во соодветна мерка со нивото и порастот на продуктивноста на вкупниот општествен труд;

— при утврдувањето и меѓусебното споредување на мерилата и односите во распоредувањето на доходот и распределбата на средствата за лични доходи, потребно е покрај споредувањето на резултатите на работењето да се земат предвид нивото и структурата на техничката опременост на трудот, условите на работењето, разликите во квалификационата структура на вработените и другите услови што влијаат врз резултатите на работењето.

## III. РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ

Член 13

Учесниците на овој договор се обврзуваат дека ќе придонесуваат во самоуправните спогодби за заедничките основи и мерила и самоуправните спогодби на организациите да се утврдуваат основи и мерила за распределба на средствата за лична и заедничка потрошувачка во сообразност со уставните начела и основите и принципите од овој договор за распределба според резултатите од трудот и солидарноста на работниците во здружениот труд, како и за доследна примена и постојано усовршување на тие основи и мерила.

За таа цел, учесниците преземаат обврска, системно и организирано, заедно со организациите да изнаоѓаат соодветни форми за материјално стимулирање на работниците, да го поттикнуваат применувањето на развојот на тие форми, да ги следат и проучуваат резултатите на нивното дејствување со ангажирање и на стручни институции.

Член 14

При утврдувањето на критериумите и мерилата за распределба на личните доходи во организациите ќе треба пред сè да се поаѓа од уставното начело — работникот да остварува личен доход според резултатите на неговиот тековен и минат труд и придонесот што го дава во остварувањето на доходот во организацијата и во согласност со продуктивноста на неговиот и вкупниот општествен труд.

За доследно спроведување на овие начела при утврдувањето на работниот придонес на работникот, учесниците ќе се залагаат во самоуправните спогодби да се поаѓа од: обемот и квалитетот на работата, заштедите во трошењето на материјалите, енергијата и др.; навременото извршување на работните задачи, ефикасноста во користењето на средствата и работното време, видот и сложеноста на работните задачи, со почитување на инвентивноста, организаторските способности, стручноста и потребното работно искуство, одговорноста, физичките и психичките напори и други работни услови.

Во самоуправните спогодби треба посебно да се разработат мерила за стимулирање на творечкиот труд (рационализација, новаторство и др.) и во таа смисла да се воспоставуваат, применуваат и постојано унапредуваат мерилата со кои ќе се поттикнува творештвото.

Член 15

Личните доходи и другите примања на избраните и именувани лица во општествено-политичките заедници, општествено-политичките организации и Стопанската комора и во самоуправните интересни заедници се усогласуваат со личните доходи и другите примања на работниците во стопанството на определено подрачје во зависност од општествено-политичкото значење на функцијата, сложеноста и обемот на работењето.

Самоуправната спогодба за републичките функционери се склучува на ниво на Републиката, а за општинските функционери се склучуваат самоуправни спогодби на ниво на општина, односно регион.

При склучувањето на самоуправните спогодби за функционерите ќе се поаѓа и од стопанската развиеност, бројот на населението, бројот на активните работници и висината на националниот доход по жител на подрачјето на кое се одвива делокругот на работењето на функционерите.

Член 16

Учесниците ќе се залагаат во колективните договори и во прописите да се изедначува положбата на работниците вработени кај работните луѓе што самостојно вршат дејност со личен труд со средства во сопственост на граѓани со работниците во здружениот труд и постојано да се проширува и да се зацврстува нивната материјална и социјална сигурност.

Член 17

Учесниците ќе придонесуваат и дејствуваат за создавање услови земјоделците својот труд и средствата да ги здружуваат во земјоделските задруги, со организациите на здружен труд и со другите облици на здружување на земјоделците и врз таа основа да одлучуваат за заеднички остварениот доход и да учествуваат во неговата распределба според својот придонес во неговото остварување и во согласност со самоуправната спогодба.

Член 18

Учесниците се согласни дека правата на работниците по основ на минат труд треба да се засноваат врз материјалната основа и стопанисувањето со општествените средства на работа. Сообразно на тоа, овие права треба да се остваруваат во рамките на остварениот доход како составен дел на распределбата на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка врз основа на мерилата според кои учеството на работниците во распределбата на тие средства во соодветна мерка се доведува во зависност од порастот на доходот по основ на резултатите кои произлегуваат од вложувањата и во годините кога опаѓа нивната работна способност, односно тековниот работен придонес.

Учесниците ќе влијаат да се усогласуваат мерилата и квантитативните односи во вреднувањето на минатиот труд, со цел да се обезбеди единствен пристап во остварувањето на уставното начело.

До крајот на оваа година ќе се утврдат заеднички критериуми за правата на работниците по основ на минатиот труд.

Член 19

Учесниците ќе се залагаат, а посебно Синдикатот најнискиот личен доход на работникот за полно работно време и нормален работен учинок, во самоуправните спогодби да не биде под 65% од просечниот нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година.

Истовремено учесниците ќе се залагаат за обезбедување потребни услови, на работниците да им се исплатува гарантираниот личен доход независно од висината на доходот што го остварила организацијата.

Доколку со Самоуправната спогодба за заедничките основи и мерила се утврди повисок износ на гарантираниот личен доход од износот утврден со Закон, односно одлуката на собранието на општината, учесниците во самоуправното спогодување ги обезбедуваат средствата и начинот за покривање на разликата на гарантираниот личен доход.

Член 20

Учесниците ќе се залагаат:

— работникот да остварува полн износ на личен доход по сите основи и мерила утврдени во самоуправната спогодба на организацијата, што реално и евидентно претставуваат резултат на трудот и реален придонес на работникот за зголемување на доходот на организацијата;

— највисокиот износ што може годишно во просек да се исплати како личен доход на работникот по сите основи и мерила, вклучувајќи ги и личните доходи остварени во повеќе организации, за работни места каде што работниот придонес непосредно и одредено не се мери, да се утврдува со Самоуправната спогодба за заедничките основи и мерила;

— при утврдувањето на највисокиот личен доход да се поаѓа од големината на организацијата, доходноста, бројот на вработените, карактерот на трудот, дејноста и сл.

Примањата на работникот што се исплатуваат по основ на авторство, рационализаторство, патенти, отпремнината при одење во пензија и наградите за општествени признанија, не влегуваат во износот на највисокиот личен доход.

## IV. НАДОМЕСТОЦИ И ДРУГИ ЛИЧНИ ПРИМАЊА

Член 21

Во времето поминато на работа подолго од полното работно време, ноќе и во денови на државен празник што се смета за посебен услов за работа, учесниците ќе се залагаат при утврдувањето на мерилата за учество на работниците во распределбата на средствата за лични доходи, износот на стартните основи, односно на месечните аконтации на личните доходи за редовно работно време да се зголемуваат и тоа:

— за работа подолга од полното работно време од 25% до 50%;

— за работа ноќе од 20% до 35%;

— за работа во државен празник од 25% до 50%.

Член 22

Износите на личните примања на товар на материјалните трошоци на работењето и од средствата за заедничка потрошувачка, учесниците ќе се залагаат во самоуправните спогодби за заедничките основи и мерила висината на одделните ставки да се движи:

а) од средствата за заедничка потрошувачка:

1. Регресот за годишен одмор да изнесува најмалку 30%, а најмногу 60% од просечниот месечен нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година. Во регресот за годишен одмор е содржано и регресирањето на пансионот во одморалиштата;

2. Отпремнината при одењето на работникот во пензија да изнесува најмалку во висина на двомесечен, а најмногу тримесечен просечен нето личен доход на работникот остварен во последните 12 месеци, до колку со закони за одделни органи или служби не е поинаку утврдено. За работник што има понизок просечен личен доход од просекот во организацијата во претходната година, основ за отпремнината претставува просекот на организацијата во претходната година;

3. Јубилејни награди кои се исплатуваат непосредно или посредно можат да изнесуваат поодделно по работник најмногу до висината на просечниот месечен нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година;

4. По основ на солидарност на работниците да се исплатуваат:

— помош на семејството во случај на смрт на работникот во висина до двомесечен нето личен доход. За работник што има понизок личен доход од просекот во организацијата, основ за помошта претставува просекот на организацијата;

— во случај на смрт на член на потесното семејство на работникот или за подолготрајно боледување на работникот, помошта да изнесува до висината на едномесечен просечен нето личен доход остварен во организацијата во претходната година;

— еднократна помош на работникот во случај на елементарни непогоди или пожари што предизвикале штета на работникот и неговото семејство;

— еднократна помош во случај на настапување на потешка инвалидност на работникот.

Предлог за исплата на наведените видови помошти по основ на солидарност дава основната организација на Синдикатот.

б) на товар на материјалните трошоци:

1. Дневницата за службено патување во земјата може да изнесува најмногу до 12% од просечниот нето месечен личен доход исплатен во

стопанството на Републиката во претходната година, а доколку одделно се признаваат трошоците за ноќевање според приложената сметка, вкупната висина на дневницата не може да изнесува повеќе од 15% од основицата;

2. Дневницата за службено патување во странство може да се движи најмногу до висината утврдена за работниците во републичките органи на управата;

3. Партиципацијата во трошоците на исхраната во организацијата каде што е организирана општествената исхрана или се обезбедува општествена исхрана со топол оброк кај друга организација може да изнесува по вработен најмногу до 10% од просечниот нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година. За работниците на работни места каде што не е можно да се обезбеди топол оброк, организацијата може да им издава ладен оброк до висината на истиот износ. Износот на партиципацијата не може да се исплатува во пари и бонови;

4. Надоместокот за користење на сопствено возило за службена цел може да се исплатува по изминат километар најмногу до 25% од највисоката цена на бензинот за 1 литар;

5. Надоместокот за теренски додаток може да изнесува најмногу до 6% дневно од просечниот месечен нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година, а во зависност од условите на работењето на теренот — оддалеченоста на градилиштето од седиштето на организацијата или друго населено место, климатските услови, обезбеденоста на здравствената и друга заштита, организираноста на сместувањето и исхраната на работниците и др.;

6. Надоместокот за одвоен живот може да изнесува најмногу до 65% од просечниот нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година.

## V. ПОСТАПКА И ОРГАНИ

Член 23

При утврдувањето на учесниците во самоуправното спогодување на заедничките односи и мерила, учесниците на Договорот ќе се залагаат да се обезбеди:

— самоуправни спогодби да се склучуваат пред сè меѓу работниците во организациите кои утврдиле заеднички планови и програми за развој во рамките на групацијата, гранката или дејноста;

— со спогодувањето да се поттикнува здружувањето на трудот и средствата, усогласувањето на интересите и односите во општествената репродукција.

Член 24

Учесниците на Договорот ќе се ангажираат при склучувањето на самоуправните спогодби да се оствари начелото за рамноправност на субјектите и јавност во постапката.

Постапката од претходниот став ја утврдуваат учесниците на самоуправното спогодување. За таа цел учесниците во самоуправното спогодување формираат комисии кои изготвуваат нацрти на самоуправни спогодби и ги доставуваат до учесниците.

Член 25

Учесниците на Договорот се обврзуваат да создаваат услови работниците во организациите на здружен труд и работните заедници од подрачјето на Социјалистичка Република Македонија да склучуваат самоуправни спогодби за заеднички основи и мерила со работниците во организациите од другите социјалистички републики и социјалистички автономни покраини со кои имаат заеднички интерес во развојот.

Организациите што ќе склучат самоуправни спогодби согласно став 1 од овој член, ги применуваат мерилата и критериумите кои ги утврдуваат во Самоуправната спогодба за заедничките основи и мерила засновани врз основите и принципите содржани во Меѓурепубличкиот-покраински општествен договор и на Општествениот договор на една од социјалистичките републики, односно социјалистичките автономни покраини.

Член 26

За следење и спроведување на овој договор и за предлагање на измена и дополнување учесниците ќе формираат заедничка комисија.

Заедничката комисија ја сочинуваат по два члена што ги делегира Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија, Стопанската комора на Македонија и Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

Претседавач на комисијата се одредува наизменично секои четири месеци од претставниците на учесниците членови на Комисијата.

Член 27

Евиденцијата за склучените самоуправни спогодби и административно-техничката работа на комисијата ги води Републичкиот секретаријат за труд.

Член 28

Учесниците ќе се залагаат во самоуправните спогодби за заедничките основи и мерила да се предвидуваат мерки што ќе се преземаат за организациите кои не ќе се придржуваат кон одредбите на спогодбата, како и органот и начинот за спроведување на тие мерки.

## VI. ИНФОРМАТИКА И СЛЕДЕЊЕ

Член 29

Учесниците се обврзуваат, со ангажирање на стручни научни институции да воспостават и да го усовршуваат информативниот систем, со чија примена работниците во основните организации на здружен труд, како и другите заинтересирани органи и организации ќе добиваат соодветни, точни, потполни и благовремени информации што се потребни за одлучување и оценување на постигнатите резултати, за понатамошен развој на системот и механизмот на самоуправното спогодување во оваа област и др.

Учесниците со своето постојано и организирано дејствување на развојот и примената на информативниот систем ќе придонесуваат работните луѓе да бидат што поцелосно известени за сите значајни прашања во врска со стекнувањето и распоредувањето на доходот и распределбата на средствата за лични доходи. Со тоа се обезбедува доследна примена на начелото за јавност во одлучувањето и можноста работните луѓе кои го создаваат доходот да одлучуваат за неговото распоредување во согласност со меѓусебната одговорност и со доследна примена на принципот за распределба според трудот.

Член 30

Републичкиот завод за статистика го утврдува и објавува во „Службен весник на СРМ" просечниот месечен нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката, односно општините во претходната година.

Член 31

Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија, со Стопанската комора на Македонија, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, односно органот на управата што ќе го определи и Службата на општествено книговодство — Централа на СРМ, поаѓајќи од Општествениот договор за заедничките основи за самоуправното

уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и распределбата на средствата за лични доходи (Меѓурепубличкиот-покраински општествен договор) и одредбите од овој договор, се обврзуваат да утврдат заеднички показатели за стекнување, споредувањето и распоредувањето на доходот и распределбата на средствата за лични доходи.

Член 32

За примена на одредбите од претходниот член Службата на општественото книговодство, ќе ги објавува заедничките показатели и ќе го следи спроведувањето на самоуправните спогодби за заедничките основи и мерила и самоуправните спогодби на организациите, според Методологијата што ја изготвува Заедничката комисија со учество на Службата на општествено книговодство, а за резултатите ќе ги информира учесниците на овој договор.

Службата на општественото книговодство врши контрола и презема мерки во спроведувањето на овој општествен договор и самоуправните спогодби за заедничките основи и мерила.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 33

До утврдувањето на единствена Методологија и коефициентите за искажување на бројот на условните работници на ниво на СФРЈ, сведувањето на бројот на работниците во организациите од стопанството и општествените дејности во условно неквалификувани работници, ќе се врши според пондерационите коефициенти утврдени во Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд во стопанството (пречистен текст објавен во „Службен весник на СРМ“-бр. 15/75 год.).

Член 34

Самоуправните спогодби и општествените договори склучени според одредбите од Законот за општествено договарање и самоуправно спогодување за основите и мерилата за распределба на доходот и на личните доходи и за општествено насочување на распределбата на доходот („Службен весник на СРМ“ бр. 24/71 год.), ќе се применуваат заклучно до 1975 год., односно со распределбата на доходот по завршните сметки за 1975 година.

За отстапувањето од мерилата за распределба на доходот утврдени според одредбите на општествените договори што се во примена по завршните сметки за 1975 год., ќе решава Заедничката комисија од чл. 26 на овој договор.

Член 35

Овој договор е склучен кога ќе го потпишат учесниците.

Член 36

Овој договор влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

Октомври 1975 година
Скопје
За Стопанската комора
на Македонија,
**Никола Нича**, с. р.

За Извршниот совет
на Собранието на СРМ,
Републички секретар
за труд,
**Душко Ѓорѓиев**, с. р.

За Советот на
Сојузот на синдикатите на
Македонија,
**Кицо Нонковски**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје тужителката Верка Шерала, родена Трпевска од село Радијовци, СО Титов Велес, поднела тужба за развод на брак против тужениот Мефаил Мефаил Шерала, кој порано живеел во с. Кочилари, СО Титов Велес, а сега е во странство со непозната адреса.

Се повикува тужениот во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас да го извести судот за сегашната адреса. Во спротивно ќе му биде поставен старател кој ќе го застапува во овој спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П.бр. 2354/74. (150)

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Мирјана Богоевска од Белград, ул. „Топола“ бр. 40 — „Кумодраж“, поднесе тужба до овој суд за развод на брак против Ордан Богоевски од Прилеп, сега со непознато место на живеење.

Бидејќи тужениот Ордан е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“, да се јави во овој суд или да одреди свој застапник. Во спротивно ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П.бр. 477/75. (153)

---

Илиевска Лилјана од Битола, ул. „Браќа Миладиновци“ бр. 119 поднесе тужба до овој суд за развод на брак против Илиевски Благоја од Битола, сега во Австралија, со непозната адреса.

Бидејќи тужениот Благоја е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“, да се јави во овој суд или да одреди свој застапник. Во спротивно ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П.бр. 369/75. (155)

### ОКРУЖЕН СУД ВО ШТИП

Менка Абрамовиќ од Кочани, ул. „Карл Маркс“ бр. 41, поднесе до овој суд тужба за развод на брак против тужениот Абрамовиќ Милорад од Кочани, сега со непозната адреса.

Бидејќи адресата и местожителството на тужениот не се познати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“, да се јави или да одреди свој застапник. Во спротивно судот, по службена должност, ќе му го одреди за застапник Илиев Боге, стручен соработник при Окружниот суд во Штип, и делото ќе се разгледа во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 49/75. (149)

---

Јаготка Пливац од Штип поднесе до овој суд тужба за развод на брак против Садик Пливац од Бања Лука, сега во неизвесност.

Бидејќи адресата и местожителството на тужениот не се познати се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“, да се јави или да одреди свој застапник. Во спротивно судот, по службена должност, ќе му го одреди за застапник Илиев Боге, приправник при Окружниот суд во Штип, и делото ќе се разгледа во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 316/75. (151)

Риска Сандева Митрова од село Чешиново, Кочани, поднесе до овој суд тужба за развод на брак против Санде Стоименов Митров од село Мустафино, сега во неизвесност.

Бидејќи адресата и местожителството на тужениот не се познати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ", да се јави или да одреди свој застапник. Во спротивно судот, по службена должност, ќе му го одреди за застапник Боге Илиевски, стручен соработник при Окружниот суд во Штип, и делото ќе се разгледа во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 362/75. (152)

---

## ОГЛАС

Окружниот стопански суд Штип со решението I Л. бр. 11/75-4 од 5. XI. 1975 година одреди да се спроведе постапка за редовна ликвидација над Трговското претпријатие на големо и мало „Тргопромет" — Струмица, која ја отвори Собранието на општината Струмица со решение бр. 01-1077/1 од 9. X. 1975 година.

За ликвидационен судија е определен Петар Петковски, судија на овој суд.

За ликвидационен управник е определен Ристо Шарламанов книговодител на „Југопромет" — Струмица, ООЗТ за намештај — Струмица.

Се повикуваат должниците без одлагање да ги исплатат долговите, а доверителите да ги пријават побарувањата со пријава во 2 примероци и приложени докази кај ликвидациониот совет на судов, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ", односно неговиот извод во „Службен лист на СФРЈ".

За испитување на пријавените побарувања кај судов се закажува рочиште за 26. XII. 1975 година во 12 часот.

Од Окружниот стопански суд во Штип, 5. XI. 1975 година. (315)

---

# РЕГИСТАР НА ЗАНАЕТЧИСКИТЕ ДУЌАНИ

Врз основа на решението У. бр. 08-80 од 29. IV. 1974 година на Одделението за стопанство и комунални работи на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, на страна 32, рег. бр. 331, книга I, занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидар Пачарски Војо од село Будинарци, Берово. Предмет на работењето на занаетчискиот дуќан е вршење на занаетчиски услуги од ѕидарскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Пачарски Војо. (15)

---

Врз основа на решението У. бр. 08-73 од 1. V. 1974 година на Одделението за стопанство и комунални работи на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, на страна 30, рег. бр. 30, книга I занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидар Митревски Димитар Борис од село Робово. Предмет на работењето на занаетчискиот дуќан е вршење на занаетчиски услуги од ѕидарскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Митревски Димитар Борис. (16)

---

Врз основа на решението У. бр. 08-72 од 17. IV. 1974 година на Одделението за стопанство и комунални работи на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, на страна 31, рег. бр. 330, книга I, занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидар Пранговски С. Драгољуб од село Робово, Берово. Предмет на работењето на занаетчискиот дуќан е вршење на занаетчиски услуги од ѕидарскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Пранговски С. Драгољуб. (17)

---

Врз основа на решението У. бр. 08-185 од 17. VI. 1974 година на Одделението за стопанство и комунални работи на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии на страна 34, рег. бр. 333, занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидаро-фасадер Костевски Панов Никола од село Русиново. Предмет на работењето на дуќанот е вршење на занаетчиски услуги од ѕидаро-фасадерскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Костевски Панов Никола. (22)

---

Врз основа на решението У. бр. 08-188/1 од 17. VI. 1974 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, на страна 37, рег. бр. 336, книга I занаетчискиот дуќан под фирма: Занаетчиски дуќан „Слога" од шивачки занает на Пачемски Љубомир Гаврил од Берово. Предмет на работењето на занаетчискиот дуќан е вршење занаетчиски услуги од шивачкиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Пачемски Љубомир Гаврил. (23)

---

Врз основа на решението У. бр. 08-1592/1 од 15. VII. 1974 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, страна 38, рег. бр. 337, книга I, занаетчискиот дуќан под фирма: Столар Догазански Ѓорѓов Никола од Берово. Предмет на работењето на занаетчискиот дуќан е вршење занаетчиски услуги од столарскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Догазански Ѓорѓов Никола. (26)

---

Врз основа на решението У. бр. 08-228 од 15. VII. 1974 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, на страна 39, рег. бр. 338, книга I, занаетчискиот дуќан под фирма: Столар Нациински Миланов Киро од Берово. Предмет на работењето на занаетчискиот дуќан е вршење занаетчиски услуги од столарскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Нацински Миланов Киро. (27)

---

Врз основа на решението У. бр. 08-270 од 15. VIII. 1974 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, на страна 40, рег. бр. 339, книга I занаетчискиот дуќан под фирма: Столар Пипонски Пантев Душан од Берово. Предмет на работењето на занаетчискиот дуќан е вршење на занаетчиски услуги од столарскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Пипонски Пантев Душан. (28)

---

Врз основа на решението У. бр. 08-272 од 1. IX. 1974 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, на страна 42, рег. бр. 341, книга I, занаетчискиот дуќан под фирма: Фризер Славе Симеон Серафимов од Пехчево. Предмет на работењето на дуќанот е обавување занаетчиски лични и други услуги од фризерскиот занает за мажи.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Славе Симеон Серафимов. (29)

Врз основа на решението У. бр. 08-234 од 15. IX. 1974 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, на страна 43, рег. бр. 342, занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидар Димитар Васи-

лев Милевски од село Смојмирово, Берово. Предмет на работењето на дуќанот е вршење на занаетчиски услуги од ѕидарскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува Димитар Василов Милевски. (30)

Врз основа на решението У. бр. 08-65 од 10. IV. 1974 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, на страна 28, рег. бр. 327, книга I, занаетчискиот дуќан под фирма: Валавичар Александар Никола Кујунџиски од Пехчево. Предмет на работењето на занаетчискиот дуќан е вршење занаетчиски услуги од валавичарскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Александар Никола Кујунџиски. (33)

Врз основа на решението У. бр. 08-234 од 15. VII. 1974 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, на страна 41, рег. бр. 340, книга I занаетчискиот дуќан под фирма: Метало-преработувачки занаетчиски дуќан „Готен" на Чепленски Михаилов Митко од село Владимирово, Берово. Предмет на работењето на занаетчискиот дуќан е вршење метало-преработувачка занаетчиска дејност од заварувачкиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Чепленски Михаилов Митко. (34)

Врз основа на решението У. бр. 08-162 од 1. VI. 1974 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, на страна 33, рег. бр. 332, книга I занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидар Милутин Здравко Газинковски од село Митрашинци, Берово. Предмет на работењето на занаетчискиот дуќан е да врши занаетчиски услуги од ѕидарскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Милутин Здравко Газинковски. (35)

Врз основа на решението У. бр. 08-359/1 од 10. XII. 1974 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, на страна 44, рег. бр. 343 книга I, занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидар Киро Јован Милошевски од село Русиново, Берово. Предмет на работењето на занаетчискиот дуќан е да врши занаетчиски услуги од ѕидарскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Киро Јован Милошевски. (37)

Врз основа на решението У. бр. 08-541/1 од 20. XII. 1973 година на Одделението за стопанство и комунални работи на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии од рег. бр. 235, книга I занаетчискиот дуќан под фирма: Ковач Јосиф Јангелов Василевски од село Панчарево. (1)

Врз основа на решението У. бр. 08-545 од 26. XII. 1973 година на Одделението за стопанство и комунални работи на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 178, книга I занаетчискиот дуќан под фирма: Столар Стефан Петров Цоневски од село Панчарево. (2)

Врз основа на решението У. бр. 08-У.8/1 од 21. I. 1974 година на Одделението за стопанство и комунални работи на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 269, занаетчискиот дуќан под фирма: Михаил Јован Постоловски од село Умлена. (3)

Врз основа на решението У. бр. 08-У.549/1 од 30. XII. 1973 година на Одделението за стопанство и комунални работи на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 6, страна 3 занаетчискиот дуќан под фирма: Кондураџија Јован Г. Ролевски од Берово. (4)

Врз основа на решението У. бр. 08-548 од 31. XII. 1973 година на Одделението за стопанство и комунални работи на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 321, страна 22 занаетчискиот дуќан под фирма: Бербер Димитар Глигоров Илиовски од Берово. (7)

Врз основа на решението У. бр. 08-17/1 од 21. II. 1974 година на Одделението за стопанство и комунални работи на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 207, страна 73, книга I занаетчискиот дуќан под фирма: Волновлачар Александар Николов Кујунџиски од Пехчево. (8)

Врз основа на решението У. бр. 08-41/1 од 13. III. 1974 година на Одделението за стопанство и комунални работи на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 164, страна 44, занаетчискиот дуќан под фирма: Волновлачар Димитар Васил Фидански од село Русиново, Берово. (9)

Врз основа на решението У. бр. 08-48/1 од 13. III. 1974 година на Одделението за стопанство и комунални работи на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 85, страна 32 занаетчискиот дуќан под фирма: Кројач Панте Данилов Трошански од село Смојмирово, Берово. (10)

Врз основа на решението У. бр. 08-61/1 од 8. IV. 1974 година на Одделението за стопанство и комунални работи на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 113, страна 6/2 занаетчискиот дуќан под фирма: Волновлачар Герасим Јованов Мустачки од село Митрашинци, Берово. (14)

Врз основа на решението У. бр. 08-82/1 од 1. V. 1974 година на Одделението за стопанство и комунални работи на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 238/238, страна 62/1 занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидар Јован Глигоров Мицевски од село Негрево, Берово. (18)

Врз основа на решението У. бр. 08-85 од 1. V. 1974 година на Одделението за стопанство и комунални работи на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 2 занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидар Јордан Ѓорѓи Марковски од село Смојмирово од Берово. (19)

Врз основа на решението У. бр. 08-106 од 1. VI. 1974 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 288 занаетчискиот дуќан под фирма: Ковач Ѓорѓи Јованов Поповски од село Робово, Берово. (20)

Врз основа на решението У. бр. 08-215/1 од 1. VII. 1974 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии од рег. бр. 286, книга I занаетчискиот дуќан под фирма: Воденичар Петар Јангелов Димитров од село Панчарево, Берово. (24)

Врз основа на решението У. бр. 08-208 од 28. VI. 1974 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии од рег. бр. 186 занаетчискиот дуќан под фирма: Ковач Љубомир Глигоров Симевски од Пехчево. (25)

Врз основа на решението У. бр. 08-240 од 1. X. 1974 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 130/625, страна 33/2 занаетчискиот дуќан под фирма: Шивач Зора Ѓорѓова Сасанска од село Владимирово, Берово. (31)

Врз основа на решението У. бр. 08-257/1 од 31. VII. 1974 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 177, книга I занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидар-фасадер Ѓерасим Јован Велински од село Русиново, Берово. (32)

Врз основа на решението У. бр. 08-348/1 од 22. XI. 1974 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 634/57 занаетчискиот дуќан под фирма: Воденичар Јован Гаврилов Мишовски од село Ратево, Берово. (36)

# КОНКУРСИ

Конкурсната комисија при Музејот на современата уметност

распишува

**ПОВТОРЕН КОНКУРС**

за пополнување работното место кустос во одделение на МСУ, Скопје.

Кандидатот, покрај општите услови, треба да има завршен филозофски факултет, историја на уметноста, работно искуство во струката, познавање на еден од странските јазици, може и приправник.

Пријавите за конкурсот со другите потребни докази се поднесуваат до Музејот на современата уметност во рок од 15 дена од денот на објавувањето, а одлучувањето за изборот на кандидатот ќе се изврши во рок од 15 дена од истекот на рокот за пријавување.

(321)

Советот на ООЗТ — Служба за заштита на здравјето на жените и децата при Медицинскиот центар во Куманово

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на упразнетото работно место:
— Началник на гинеколошко-акушерското одделение

Услови:

Покрај општите услови предвидени во Законот, пријавените кандидати треба да ги исполнуваат и посебните услови:

— да е лекар специјалист по гинекологија и акушерство со работно искуство од 3 години.

Стан не е обезбеден.

Личен доход според Правилникот за распределба на личните доходи на работниците при Медицинскиот центар во Куманово.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ" — Скопје.

Молбите таксирани со 2 динари таксена марка и соодветна документација се поднесуваат до Советот на ООЗТ — Служба за заштита на здравјето на жените и децата при Медицинскиот центар во Куманово, соба број 36. (319)

Советот на Високата музичка школа при Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на едно работно место наставник (во сите звања) за главен предмет: Актерска игра на Одделот за драмски актери.

Со пријавата, таксирана со 2 дин., кандидатите треба да приложат: диплома, куса биографија, список на стручни и научни трудови, настапи и др. до архивата на ВМШ — Скопје.

Настап на работа веднаш по добивањето согласност за нови назначувања од ОЗО — Скопје.

Конкурсот е отворен еден месец од објавувањето. (314)

Работничкиот совет при Организацијата на здружениот труд Рудник „Стогово" — Кичево

распишува

**КОНКУРС**

за раководител за развој и техничка документација

Кандидатот, покрај општите услови треба да ги исполнува и следните услови:

1. да има завршен економски факултет и 8 години работен стаж на раководни работни места или виша економска школа со 15 години работен стаж на раководни работни места; да поседува стручни квалитети и организаторски способности;

2. да не е осудуван за кривично дело предвидено со Основниот закон на претпријатијата (член 135 од Законот).

Личен доход според Правилникот за личните доходи.

Молбите комплетирани со потребните документи да се достават до Рудникот „Стогово" — Кичево — Општ сектор.

Некомплетираните документи или неблаговремено поднесените молби нема да се разгледуваат.

Конкурсот е отворен 15 дена сметано од денот на објавувањето. (313)

Советот на факултетот на Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј" — Скопје, врз основа на член 28 од Статутот на факултетот

распишува

**КОНКУРС**

за двајца стручни соработници или асистенти при Хемискиот институт (преизбор)

Пријавите во четири примероци од кои едната таксирана со 2 динари таксени марки се поднесуваат до Секретаријатот на факултетот. Кон пријавата се приложува дипломата за завршена високошколска настава (природно-математички факултет), кратка биографија и список на научни трудови со по еден примерок од истите.

Конкурсот е отворен еден месец од денот на објавувањето. (318)

Конкурсната комисија за именување директор при Мешовитото трговско претпријатие „ОСМИ СЕПТЕМВРИ“ — Дебар, врз основа на член 68 и 71 од Статутот на работната организација,

распишува

**КОНКУРС**

за директор на работната организација (именување)

За директор на работната организација ќе биде именувано лице кое покрај општите услови ги исполнува и следните посебни услови:

— да има високо образование-економски или правен факултет со 7 години работно искуство, од кои 4 години на раководни работни места;

— да има више образование — виша економско-комерцијална школа или виша управна школа со 10 години работно искуство од кои 5 години на раководни работни места;

— да не е осудуван за кривични дела од член 134 од Законот за конституирање и упис во судскиот регистар на организациите на здружениот труд;

— со судска одлука да не му е забрането вршењето на должноста директор.

Личниот доход се определува според одредбите на Самоуправната спогодба за распределба на личните доходи во работната организација.

Пријавените кандидати, покрај молбата таксирана со 2,00 динари таксени марки, да ги достават и следните документи:

— доказ за завршено образование,
— доказ за работно искуство,
— лекарско уверение,
— уверение дека не е осудуван,
— уверение дека не е под истрага, и
— уверение дека не му е забрането вршењето на должноста директор.

Некомплетираните документи нема да бидат разгледувани.

Конкурсот трае 15 дена по објавувањето во „Службен весник на СРМ“. (317)

---

Врз основа на член 20 од Законот за судовите од општа надлежност и член 7 од Законот за стопанските судови во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ број 42/65), Собранието на Социјалистичка Република Македонија

**СООПШТУВА**

**дека ќе врши избор на:**

— претседател и еден судија на Окружниот стопански суд — Битола;
— двајца судии на Окружниот суд — Битола;
— тројца судии на Окружниот стопански суд — Скопје.

Заинтересираните лица, кои ги исполнуваат условите од член 40 од Законот за судовите од општа надлежност („Службен лист на СФРЈ“ бр. 7/65), своите пријави да ги достават до Собранието на СРМ — Комисија за прашања на изборите и именувањата во рок од 30 дена од денот на објавувањето на ова соопштение.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-3009
17 ноември 1975 година
Скопје

Комисија за прашања на изборите и именувањата

**СОДРЖИНА**

Страна

437. Закон за судовите на здружениот труд 737
438. Закон за надоместок на негативните курсни разлики по заемот на Меѓународната банка за обнова и развој за извршување на општојугословенскиот земјоделски проект — — — — — — — 743
439. Одлука за прогласување на Уставниот закон за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — 744
Уставен закон за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Социјалистичка Република Македонија — — — — — 744
440. Одлука за избор на двајца судии на Уставниот суд на Македонија — — — 744
441. Одлука за избор и разрешување на претседател и судии на Врховниот суд на Македонија — — — — — — — — 744
442. Одлука за избор и разрешување на претседател и судии на Вишиот стопански суд во Скопје — — — — — — — 745
443. Одлука за именување на јавен обвинител на Македонија — — — — — — 745
444. Одлука за именување на републички јавен правобранител — — — — — — 745
445. Одлука за избор и разрешување на претседатели и судии во окружните судови и окружните стопански судови — 746
446. Одлука за потврдување на Одлуката за дополнување на член 41 од Статутот на ООЗТ — Ветеринарен институт — Скопје 747
447. Препорака за решавање на актуелните проблеми и подобрување на безбедноста на сообраќајот — — — — — — — 747
448. Одлука за распределба на средствата за изградба и опремување на објектите за техничка култура во СР Македонија за 1975 година — — — — — — — — 749
449. Одлука за изменување на Одлуката за утврдување категории на функции и за височината на личните доходи и другите надоместоци на функционерите и работниците што ги именува односно назначува Извршниот совет или што се именуваат или назначуваат во согласност со Извршниот совет — — — — — — 749
**Исправка** на Законот за промет со земјишта и згради и на Законот за деловните згради и деловните простории — 750

**Општествени договори и самоуправни спогодби**

335. Општествен договор за заедничките основи на самоуправното уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и распределбата на средствата за личните доходи во СР Македонија — — — — — — — — 750

**Во издание на СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ излегоа од печат збирката**

## ПРЕКРШОЦИ

**со објаснувања**

Збирката ја приготвиле: Миле Крцковски и м-р Ванчо Проевски.

Збирката ги содржи Законот за прекршоци, објаснувањата на материјалните и процесните одредби за прекршоци, Законот за органите за водење на постапката за прекршоци, Деловник на органите за водење на прекршочната постапка со обрасци, Правилник за трошоци и обрасци, републички и сојузни прописи што содржат посебни прописи за прекршоци и Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и регистар на поими.

Целта на збирката е да ја олесни примената на законите и другите прописи што се однесуваат или имаат врска со прекршоците, а остварувањето на оваа цел е едновремено интерес и потреба како на оние што ги применуваат прописите така и на оние на кои тие се однесуваат.

Збирката корисно ќе им послужи на собранијата на општините и нивните органи на управата, правосудните установи, работните организации, адвокатите и граѓаните.

Збирката има 650 страници во двобојна корица.

Цената е 120 динари.

## ЗБИРКА НА ЗАКОНИ
### ОД СТАНБЕНАТА ОБЛАСТ

Збирката содржи: Закон за станбените односи, Закон за деловните згради и деловните простории, Закон за сопственост на делови од згради, Закон за условите и начинот на продажба на станбени згради и станови во општествена сопственост, Закон за промет со земјишта и згради, Закон за самоуправните интересни заедници на станувањето.

Цената е 30 динари.

Во едицијата „Збирка на прописи“ се наоѓаат во печат

## ЗБИРКА НА ОДЛУКИ
### НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

Збирката ги содржи, покрај предговор, сите одлуки од судската практика на Врховниот суд на Македонија за десеттогодишен период заклучно со 1974 година.

Материјата е систематизирана по области во три дела:
— одлуки од судската практика по кривично право,
— одлуки од судската практика по граѓанско право,
— одлуки од судската практика по управно право.

Кон збирката е даден и регистар на поими.

Цената е 150 динари.

## ЗАКОН ЗА НАСЛЕДУВАЊЕТО

**со објаснувања и судска практика и со регистар на поимите**

Во збирката покрај републичкиот Закон се објавени и делови од сојузниот Закон за наследувањето што се во важност.

Во продажба имаме, во ограничен број примероци, од следните изданија:

**УСТАВ НА СФРЈ и**

**УСТАВ НА СРМ**

Во пластична корица.

Цена 70 динари.

**ЗБИРКА НА ОДЛУКИ И РЕШЕНИЈА** на Уставниот суд на Македонија.

Цена на збирката е 50 динари.

**ЗБИРКА НА ПРОПИСИ** за изборниот систем во организациите на здружениот труд (избор на работнички совети, други органи на управување и директори) со објаснувања и обрасци.

Цена на збирката е 45 динари.

**ОПШТЕСТВЕН ПЛАН** за развојот на Социјалистичка Република Македонија од 1971—1975 година. Во збирката се објавени и Основните пропорции за развојот на СРМ од 1971 до 1975 година.

Цена на збирката е 20 динари.

Порачки прима Претплатната служба на Службен весник на СРМ, 91000 Скопје, пошт. фах 51. Уплатите се вршат на жиро сметка 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство — Скопје.


Издавач: „Службен весник на СРМ“ — работна организација, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје